# САМОЕВАЛУАЦИЈА НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ

# со РЕСУРСЕН ЦЕНТАР “Кочо Рацин” – Битола

# за период од 2022 до 2024 година



Датум

Септември,октомври 2024

| **Самоевалуација на училиштето** | |
|---|---|
| **Училиште** | Основно училиште со ресурсен центар “Кочо Рацин” – Битола |
| Адреса | Захарија Шумљанска бр.10 Битола, Битола |
| Телефон, е-пошта | 047/236-900 |
| Период на подготовка на СЕУ | Септември/октомври 2024 |
| Број на ученици во училиштето | 51 |
| Број на подрачни училишта | / |
| **Училишен директор** | |
| Име и презиме | В.Д. Драгана Кирковска |
| Потпис | |
| Датум | |
| **Одобрување од УО** | |
| Име и презиме | Ирена Павловска |
| Потпис | |
| Датум | |

**Подрачје 1: Планирање, настава и учење**

| Индикатори за подрачјето: |
|---|
| 1.1 **Планирања на наставниците**<br><br>**1.2 Наставен процес**<br><br>**1.3 Искуства на учениците од учењето**<br><br>**1.4 Оценувањето како дел од наставата**<br><br>**1.5 Воннаставни активности и натпревари** |

**Самоевалуација на училиштето:** Основно училиште со ресурсен центар "Кочо Рацин" – Битола

**Подрачје 1: Планирање, настава и учење**

| **Собирање податоци** | | |
|---|---|---|
| **Индикатор 1.1 Планирања на наставниците** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| -Годишна програма за работа на училиштето;<br>-Годишни, тематски и дневни планирања на наставниците;<br>-Планирања за додатна и дополнителна настава<br>-Годишна програма за вонаставни ученички активности<br>- Одделенски е - дневници;<br>- Евидентни листови од учениците<br>- Записници од Стручниактиви;<br>-Записници од Одделенски совети<br>-Записници од Наставнички совети;<br>-Стручна литература од посетени семинари;<br>-Материјали од стручни предавања и работилници;<br>-Анкетни прашалници за наставници, родители и ученици. | Поддршка и следење на планирањата на наставниците | Во Основното училиште со ресурсен центар ,, Кочо Рацин" - Битола има пропишани приоди за планирање и утврдени процедури за поддршка и следење на планирањето на наставата од страна на директорот, стручната служба и лица назначени од стручните органи. Најмалку два пати во полугодие се следат планирањата на наставниците од страна на директорот и педагогот од стручната служба при училиштето. Пропишаните приоди за планирање и наставните планови и програми се добиваат од Бирото за развој на образование, кои потоа се разгледуваат на состаноците на стручните активи на одделенска и предметна настава и се прилагодуваат од страна на секој наставник според индивидуалните способности и можностина учениците.<br>Сите наставници изготвуваат годишни и тематски планирања, оперативни месечни планови, како и дневни подготовки за наставните часови. Планирањата содржат јасни насоки што се очекува учениците да научат (кои се очекуваните исходи од учењето), на кој начин и кога. Целите на наставата, очекуваните исходи од учењето и начинот на оценување се јасно утврдени во планирањето, а дефектолошкиот кадар ги користи информациите од оценувањето за да ги идентифукува потребите на учениците и да ги планира следните чекори во учењето. Како извор на податоци се користат претходно споменатите годишни, месечни и дневни планирања, евидентни листови за постигнатиот успех на учениците, записници од состаноците на стручните активи, инструменти за следење и вреднување на планирањата и подготовката на наставниот час и сл. |
| | Размена на искуства и на информации при планирањето | Размената на искуства и информации при планирањето се одвиваат во рамките на Стручните активи каде што се разменуваат искуства и идеи за планирањето преку примена на ИКТ, интерни семинари, екстерни семинари, консултирање со експерти, користење меѓународни искуства и сл.<br>. |
| | | |

| **Индикатор 1.2 Наставен процес** | | |
|---|---|---|
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| -Годишна програма за работа на училиштето;<br>-Годишни, тематски и дневни планирања на наставниците;<br>-Планирања за додатна и дополнителна настава<br>-Годишна програма за воннаставни ученички активности<br>- Одделенски е - дневници;<br>- Евидентни листови од учениците<br>- Записници од Стручни активи;<br>-Записници од Одделенски совети<br>-Записници од Наставнички совети;<br>-Стручна литература од посетени семинари;<br>-Материјали од стручни предавања и работилници;<br>-Анкетни прашалници за наставници, родители и ученици. | Реализација на наставни планови и програми | Училиштето целосно ги реализира наставните планови и програми одобрени од МОН.<br>Во нив има одредени разлики кои произлегуваат од специфичноста во работата со слушно оштетените деца и со останатите попречености.Тие се редуцирани и адекватно се прилагодени кон потребите, можностите и способностите на учениците со оштетен слух, говор, глас и други проблеми во развојот.<br>Програми кои се изведеува наставата се: Програма за ученици со оштетен слух, Програма за работа со ученици со пречки во психичкиот развој, Програма за работа со ученици со аутизам, и деца со оштетен вид.<br>Учениците од четврто, петто и шесто одделение наставата ја следат според новата Концепција за основно образование. Според Новата концепција за основно образование од страна на БРО објавени беа нови наставни планови, но истовремено објавени беа стари наставни програми по кои се работеше пред донесувањето на Новата концепција за основно образование. Со оглед на тоа што наставните планови и програми се разликуваат и не се поистоветени специјалните едукатори и рехабилитатори кои работат во одделенијата при ОУРЦ ,, Кочо Рацин “наидуваат на потешкотии од самиот почеток. Затоа, пред да се воведе Новата концепција и при Основните училишта со ресурсни центри каде што учат ученици со ПОП требаше да се направи ревизија и детална анализа на постоечките програми кои претходно се реализираа во овие училишта и истовремено и ревизија и детална анализа на ново воведените програми според Новата концепција за основно образование и нивно прилагодување за употреба во наставата кај учениците со ПОП.<br>Вонаставните програми по кои се работеше во Основното училиште со ресурсен центар пред донесувањето на Новата концепција постоеја одредени разлики кои произлегуваат од специфичноста на попреченоста на учениците со посебни образовни потреби и начинот на работаво текот на наставата во зависност од тоа за каква попреченост станува збор.<br>Програмите треба да бидат редуцирани и адекватно прилагодени кон потребите, можностите и способностите на учениците со ПОП, а горенаведените ,, стари “програми беа такви.<br>Наставните програми ги изработуваат наставниците–специјални рехабилитатори и едукатори во соработка и консултации со советниците од БРО. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Во НПП се опфатени и:вонnаставните активности (поддршка во наставата, вежби за развивање на когнитивните и моторните способности), слободно организирано време со посебни програми и секции, програма за изведување на ученички екскурзии и други слободни активности на учениците, учество во разни активности (по повод разни приредби, манифестации, патронен празник и др. )<br>Поради својата специфичност, програмите наменети за учениците кои учат во паралелките за ученици со други развојни проблеми се соодветно прилагодени на нивните индивидуални интелектуални способности.<br>Максималниот број на ученици, според законот, во едно одделение кое работи по програма за ученици со оштетен слух е 6 ученици, а по програма за работа со ученици со пречки во психичкиот развој е 5. Меѓутоа со постоењето на нов момент каде што учениците класифицрани според МКФ и препратени од телото за МКФ своето образование да го следат по модифицирана програма во Основното училиште со ресурсен центар сеуште не е регулирана Законска регулатива колкав број на ученици треба да содржи одделение кое би работело по модифицирана програма или кое би имало барем дел од учениците кои се класифицирани за работа по модифицирана програма. |
| | Избор на наставни предмети | Изборот на наставните предмети во нашето училиште се врши по насоки од БРО согласно наставниот план за секоја учебна година. |

| | | |
|---|---|---|
| | Избор на задачи, активности и на ресурси | Наставата во нашето Основно училиште со ресурсен центар се одвива во предпладневна смена<br>-задолжителна настава<br>-попладневна настава односно продолжен престој  и поддршка во учењето за учениците сместени во училишен интернат.<br>Активностите што се работат за време на задолжителната настава се добро испланирани и прилагодени на индивидуалните образовни потреби и специфичности на учениците во зависност од нивните индивидуални способности и можности на учениците што им помага на учениците да ги постигнат предвидените цели во наставата. Наставниците користат различни ресурси и приоди за учење и настава не ограничувајќи се исклучиво на одобрените учебници туку користат дополнителна прирачна литература, едукативни материјали, ИКТ во наставата, асистивна технологија и  специјални наставни средства  во согласност со потребите на учениците со ПОП. Со тоа им се овозможува на учениците да работат со сопствено темпо на усвојување на знаењата<br>Според Статутот, продолжениот престој и поддршка во учењето за учениците сместени во училишен интернат се реализира секојдневно со три задолжителни часови за учење, повторување и вежбање и два часа организирани слободни активности. На овој начин се овозможува учениците максимално да ги постигнат предвидените цели и задачи на наставата. |
| | Интеракција меѓу наставниците и учениците и учениците меѓусебно | Сите наставници со учениците се однесуваат на начин што промовира прифаќање, почитување, помош, соработка, толеранција, разбирање, емпатија и доверба.<br>Се користат различни методи на интеракција со учениците што се во насока на промовирање на учењето и градење на доверба меѓу учениците и наставниците. Учениците се поттикнуваат активно да учествуваат во наставата и нивниот придонес се цени. Наставниците користат позитивни приоди да ги мотивираат учениците<br>(преку пофалби и награди кога тоа е соодветно).Учењето  е активно, динамично и постои работна атмосфера, но се изведуваат и практични вежби, нагледни часови, тандем часови ( ФЗО )  часови за набљудување во зависност од наставната единица што се обработува. |

| | | |
|---|---|---|
| | Реализација на образовна инклузија | Во основните училишта, во училишниот инклузивен тим, нашите наставници-специјални едукатори и рехабилитатори учествуваат при изработката на ИОП.<br>Наставната програма за учениците, од редовните основни училишта со ПОП кои според МКФ проценката, своето образование го следат по модифицирана наставна програма, исто така ја изработуваат нашите специјални едукатори и рехабилитатори заедно со одделенските раководители. На тој начин, учениците инклудирани во редовните паралелки, дел од модифицираната настава ја следат во редовното училиште, а дел во ОУРЦ Кочо Рацин Битола. Истото тоа важи и за учениците кои според МКФ, своето образование го следат по модифицирана наставна програма во домашни услови, а истата ја реализираат нашите специјални едукатори и рехабилитатори. |
| | Активности за меѓуетничка интеграција во образованието | Во училиштето се организираат екскурзии, излети, набљудувања, посети на институции, повеќе спортски активности ,бидејќи потребите и желбите на учениците укажуваат на тоа. Наставниците треба да планираат содржини кои можат да се реализираат и надвор од училиштето со добиена согласност од родителите.<br>Воннаставните активности имаат позитивно влијание врз психофизичкиот развој на учениците и овозможуваат подобра адаптација и социјализација во средината, бидејки преку нив во дружењето со децата од редовните училишта се надминуваат предрасудите и бариерите кај учениците. Во тие активности сите се еднакви за што зборува и фактот дека нашите ученици добиваат награди и признанија кога учествуваат на натпревари, конкурси и др. на општинско и републичко ниво. Нашите ученици активно учествуваат во работилници на локално ниво со акцент на меѓуетничката интеграција. |

| **Индикатор 1.3Искуства на учениците од учењето** | | |
|---|---|---|
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| -Годишна програма за работа на училиштето;<br>-Годишни, тематски и дневни планирања на наставниците;<br>-Планирања за додатна и дополнителна настава<br>-Годишна програма за воннаставни ученички активности<br>- Одделенски е - дневници<br>- Евидентни листови од учениците<br>-Записници од Стручни активи;<br>-Записници од Одделенски совети<br>-Записници од Наставнички совети;<br>-Стручна литература од посетени семинари;<br>-Материјали од стручни предавања и работилници;<br>-Анкетни прашалници за наставници, родители и ученици. | Средина и атмосфера за учење | Од извршената анализа се гледа дека учениците ги доживуваат училниците и другите простории во ОУРЦ како безбедна, стимулативна и мотивирачка средина, што поттикнува интерес за учење. Заедничкиот училишен простор естетски се уредува од страна на одговорните наставници на креативната и ликовната секција заедно со учениците. Ученикот има пристап до различни материјали за учење. Во ОУРЦ постојат училници за учениците од одделенска настава, кабинети по сите предмети за учениците од предметна настава, кабинети за индивидуални третмани (логопедски кабинет, кабинет за слушни и говорни вежби, тифлолошки кабинет, психолошки кабинет, биофидбек кабинет, кабинет за сензорна интеграција и Монтесори кабинет, кабинет за психомоторна реедукација, кабинет за асистивна технологија, кабинет за алтернативна и аугментативна комуникација), спортска сала, занималназа слободното време на учениците.<br>Атмосферата за учење во ОУРЦ е оптимална поради постоењето на горе наведените просторни услови, а наставата е така организирана за да можат учениците активно да учествуваат според своите можности и способности и да ги остварат предвидените цели на наставата. |
| | Идентификување и задоволување на различните образовни потреби на учениците | Образовните потреби на учениците се определуваат индивидуално за секој ученик врз основа на податоците од евидентните листи за постигнувањата и развојот на учениците и на тој начин се обезбедува остварување на максималните потенцијали за постигнувањата на учениците.<br>Во ОУРЦ, наставниот кадар (специјални едукатори и рехабилитатори ) и стручната служба, систематски ги идентификуваат образовните потреби на учениците како и пречките во процесот на учење на секој ученик и превземаат активности за нивно остварување или отстранување на евентуалните пречки. |
| | | |

| Индикатор 1.4Оценувањето како дел од наставата | | |
|---|---|---|
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| -Годишна програма за работа на училиштето;<br>-Годишни, тематски и дневни планирања на наставниците;<br>-Планирања за додатна и дополнителна настава<br>-Годишна програма за воннаставни ученички активности<br>- Одделенски е - дневници;<br>- Евидентни листови од учениците<br>- Записници од Стручни активи;<br>-Записници од Одделенски совети<br>-Записници од Наставнички совети;<br>-Стручна литература од посетени семинари;<br>-Материјали од стручни | Училишна политика за оценување | Во ОУРЦ се применуваат законски и подзаконски прописи што го регулираат оценувањето на учениците.ОУРЦ има дефинирана политика за оценување во која основна цел е да го поддржи учењето на секој ученик вклучувајќи и кодекс за оценување. Во ОУРЦ има усогласени критериуми за оценување со кои учениците и родителите се целосно запознаени (описно оценување – од III до VI одд. и бројчано оценување од VII до IX одд.)<br>Тука треба да се напомене дека учениците кои според класификацијата од страна на телото за МКФ се препратени да ја следат наставата во Основното училиште со ресурсен центар ,, Кочо Рацин “по модифицирана програма треба да бидат описно оценувани од I до IX одделение. |

| | | |
|---|---|---|
| предавања и работилници;<br>-Анкетни прашалници за наставници, родители и ученици. | Методи, форми и инструменти за оценување | Специјалните едукатори и рехабилитатори користат дефектолошки специјализирани форми и инструменти за оценување и на тој начин континуирано го следат и оценуваат напредокот на учениците. Тие во целост ги остваруваат критериумите за објективно оценување. Дел од специјалните едукатори и рехабилитатори кои се наставници на ученици со ПОП во одделенска настава ја следеа обуката за Примена на Национални стандардите за оценување за основно образование и сметаат дека наидуваат на потешкотии од самиот почеток на нивното спроведување. Затоа, пред да се воведе Новата концепција  и Националните стандарди за основно образование и при Основните училишта со ресурсни центри каде што учат ученици со ПОП требаше да сенаправи ревизија и детална анализа на постоечките начини на оценување кои претходно се реализираа во овие училишта и истовремено и ревизија и детална анализа на ново воведените стандарди според Новата концепција за основно образование и нивно прилагодување за употреба во наставата кај учениците со ПОП.<br>Воначинот на оценување во Основното училиште со ресурсен центар пред донесувањето на Новата концепција постоеја одредени разлики кои произлегуваат од специфичноста на попреченоста научениците со посебни образовни потреби и начинот на работа во текот на наставата во зависност од тоа за каква попреченост станува збор. |
| | Коефициент на континуитет на успехот на учениците | На крајот на секоја учебна година, педагогот дава извештај за анализа на постигнувањата на сите одделенија и споредување на успехот со изминатата година изразено во проценти. На тој начин континуирано се следи успехот на учениците. |
| | Користење на информациите од оценувањето во наставата | Специјалните едукатори и рехабилитатори редовно им ги соопштуваат повратните информации на родителите на учениците за текот на нивната работа, по пат на дискусија со родителите за напредок и постигнувања на учениците. Голем акцент се става на тековните постигнувања на учениците и на идентификување на идните активности што ќе се применуваат во учењето. Наставниците треба целосно да ги искористат информациите добиени од оценувањето за да можат да го евалуираат и подобрат планирањето и спроведувањето на наставата. |
| | | |

| **Индикатор 1.5 Вонннаставни активности и натпревари** | | |
|---|---|---|
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| -Годишна програма за работа на училиштето;<br>-Годишни, тематски и дневни планирања на наставниците;<br>-Годишна програма за воннаставни ученички активности<br>- Одделенски е - дневници;<br>- Евидентни листови од учениците<br>- Записници од Стручни активи;<br>-Записници од Одделенски совети<br>-Записници од Наставнички совети;<br>-Материјали од стручни предавања и работилници;<br>-Анкетни прашалници за наставници, родители и ученици. | Обем и разновидност на планираните и реализираните воннаставни активности | Воннаставните активности се реализираат преку 12 ученички секции, слободни организирани ученички активности со посебна годишна програма за работа и слободни активности по избор на учениците.<br>Во училиштето се организираа текскурзии, излети, набљудувања, посети на институции, повеќе спортски активности ,бидејќи потребите и желбите на учениците укажуваат на тоа. Наставниците треба да планираат содржини кои можат да се реализираат и надвор од училиштето со добиена согласност од родителите.<br>Воннаставните активности имаат позитивно влијание врз психофизичкиот развој на учениците и овозможуваат подобра адаптација и социјализација во средината, бидејки преку нив во дружењето со децата од редовните училишта се надминуваат предрасудите и бариерите кај учениците. Во тие активности сите се еднакви за што зборува и фактот дека нашите ученици добиваат награди и признанија кога учествуваат на натпревари, конкурси и др. на општинско и републичко ниво. Нашите ученици активно учествуваат на државни и меѓународни манифестации, учество во работилници на локално ниво со акцент на социјалната инклузија и социјалната интеграција. |
| | Опфатеност на учениците од различен пол и јазик на наставата со воннаставните активности | Во нашето училиште учениците од различен пол и јазик се активно вклучени во сите воннаставни активности според нивните можности и способности. |
| | Вклученост на учениците во изборот и во планирањето на работата во воннаставните активности | Вклученоста на учениците во изборот и планирањето на работата во воннаставните активности е во зависност од типот на попреченоста и нивните интелектуални можности и способности |
| | Натпревари | Нашите ученици се активно вклучении на ликовни конкурси и спортски натпревари во соработка со другите училишта на локално ниво согласно нивните можности и способности. |

**Подрачје 1: Планирање, настава и учење**

**Опис/резиме на подрачјето**

Училиштето целосно ги планира и реализира наставните планови и програми одобрени од МОН.

Во нив има одредени разлики кои произлегуваат од специфичноста во работата со учениците.Тие се редуцирани и адекватно се прилагодени кон потребите, можностите и способностите на учениците со оштетенслух, говор, глас и други проблеми во развојот.

Во Основното училиште со ресурсен центар „ Кочо Рацин" - Битола има пропишани приоди за планирање и утврдени процедури за поддршка и следење на планирањето на наставата од страна на директорот, стручната служба и лица назначени од стручните органи. Пропишаните приоди за планирање и наставните планови и програми се добиваат од Бирото за развој на образование, кои потоа се разгледуваат на состаноците на стручните активи на одделенска и предметна настава и се прилагодуваат од страна на секој наставник според индивидуалните способности и можностина учениците.

Во училишниот инклузивен тим, во основните училишта, нашите наставници-специјални едукатори и рехабилитатори учествуваат при изработката на ИОП и модифицирана програма.

Учениците инклудирани во редовните паралелки, дел од модифицираната настава ја следат во редовното училиште, а дел во ОУРЦ „Кочо Рацин" Битола. Истото тоа важи и за учениците кои според МКФ, своето образование го следат по модифицирана наставна програма во домашни услови, а истата ја реализираат нашите специјални едукатори и рехабилитатори.

Во ОУРЦ постојат училници за учениците од одделенска настава, кабинети по сите предмети за учениците од предметна настава, кабинети за индивидуални третмани (логопедски кабинет, кабинети за слух, говор,аугментативна и алтернативна комуникација, тифлолошки кабинет, психолошки кабинет, биофидбек кабинет, кабинет за сензорна интеграција, Монтесори кабинет, кабинет за психомоторна реедукација, кабинет за асистивна технологија, кабинет за алтернативна и аугментативна комуникација), спортска сала, занималназа слободното време на учениците.

Атмосферата за учење во ОУРЦ е оптимална поради постоењето на горе наведените просторни услови, а наставата е така организирана за да можат учениците активно да учествуваат според своите можности и способности и да ги остварат предвидените цели на наставата.

**Силни страни**

- Наставата ја реализира соодветен стручен кадар;
- Наставникот како главен фактор во спроведувањето и реализирањето на содржините подготвени од БРО;
- учество во училишните и ученичките инклузивни тимови во редовните основни училишта,
- Помош и поддршка од страна на образовните асистенти и целиот наставно-дефектолошки кадар за секое дете со ПОП во редовниот наставно- образовен процес,
- Помош и стручна поддршка на наставниот кадар во редовното образование
- Користење на асистивна технологија
- Користење на стручни методи соодветни за лицата со попреченост,
- форми и техники на учење;
- Училиштето има капацитети да ги приспособува наставните програми по сите предмети, според можностите на децата со посебни образовни потреби.
- Одличната дефектолошка и образовна подготвеност на наставаниот кадар;
- Еднаков третман на сите ученици без разлика на пол, етничка припадност и социјален статус
- Активно учество на учениците во воннаставните активности;
- Навремено информирање на родителите за постигнатот успех;
- Подготвеност на стручниот кадар да се вклучи во секој нов проект и да ги применува позитивните искуствата;
- Добрата опременост на дел од кабинетите;
- Интерни обука преку работилници и отворени часови;
- Можност за користење на ИКТ и иновативна асистивна технологија;
- Постоење на спортска сала и голем дворен простор со спортски терени (кошарка , фудбал, ракомет);
- Менторство на наставниците – приправници, образовни асистенти;
- Ангажирање на образовни асистенти во редовните училишта во Југо – западен и Пелагониски регион каде што наставата ја следат ученици со ПОП;
- Адекватни училиници, заеднички простории, современо опремени кабинети за индивидуални третмани и дијагностика на слух со аудиометрија (логопедски кабинет, кабинети за слух,говор,аугментативна и алтернативна комуникација, тифлолошки кабинет, психолошки кабинет, биофидбек кабинет, кабинет за сензорна интеграција,Монтесори кабинет, кабинет за психомоторна реедукација, кабинет за асистивна технологија, кабинет за алтернативна и аугментативна комуникација );
- Работа со ученици од редовните училишта кои имаат препорачани услуги во ОУРЦ „ КочоРацин “ одстрананастручнототело МКФ;
- Настава по модифицирана програма за ученици со ПОП од редовните училишта;
- Настава по модифицирана програма за ученици со ПОП од редовните училишта во домашни услови.

**Слаби страни**

- Наставниот план и програма по новата концепција не се соодветни и прилагодени спрема индивидуалните можности и способности на учениците со ПОП;
- Модифицираната програма нетреба да се изработува со прилагодување на сите предмети според способностите на децата со ПОП (за потешките попречености), посебно во предметна настава, туку треба да се изработува по развојни подрачја согласно способностите на детето. Проблемот е што овие деца дел од модифицираната програма ја следат во основните училишта каде мора да присуствуваат на часовите по предмети, а тоа воопшто не е во согласност со нивните способности. За овие деца неопходно е целата модифицирана програма да се следи во ОУРЦ. Но, за ова се потребни Законски измени, правилници итн.
- Наставниот план и програма се обемни и тешки за следење и усвојување;
- недостаток на компјутер за секое дете, дидактички материјали и нагледни средства;
- Новата концепција е несоодветна, се додава нов предмет музичко образование, иако содржините се реализираат преку предметот музички стимулации и ритмички вежби;
- Недостасуваат учебници за поквалитетно реализирање на наставата;
- Недостаток од прирачници и литература за работа со деца со посебни образовни потреби;
- Недоволен библиотечен фонд;
- Недостаток на асистивна технологија за деца со оштетен вид;
- Организирање на обуки од аспект на специјалната едукација и рехабилитација за ученици со ПОП за професионално усовршување на стручниот кадар, со цел размена на искуства и информации при планирањето на наставата, учењето и третманите кај учениците со ПОП.
- Немање на соодветни планови, програми, учебници и прирачници за работа за ученици со ПОП според Новата концепција за основно образование;
- Несоодветен начин на оценување на ученици со ПОП според Новата концепција за основно образование и Националните стандарди за оценување;
- Недостиг на кабинет за Музико терапија;
  Недостиг на кабинет за Физикална терапија;
- Недостигнаструченкадар – физиотерапевт;

**Приоритети**

- Прилагодување на наставниот план и програма според индивидуалните можности и способности на учениците со ПОП;
- Повторно запишување на ученици со ПОП во ОУРЦ „Кочо Рацин“ Битола;
- Креирање на средина за учење која ќе ги задоволи потребите на учениците со различни развојни проблеми (ставање акцент на тоа што поголем дел од времето за настава да биде реализиран во природа кога дозволуваат временските услови);
- Интензивирање на соработката со надворешната средина каде што спаѓаат редовни училишта, институции од градот, државата и пошироко преку различни вонннаставни активности и активности за насочување на нивната професионална ориентација, активности за меѓуетничка интеграција во образованието и активности за инклузија.
- Интензивирање на соработка со родителите преку нивно вклучување во и вонннаставниот процес.
- Вклучување на специјалните едукатори и рехабилитатори во работните групи на БРО при изработка на наставните планови и програми;
- Поттикнување на сопствениот професионален развој на наставниот кадар преку обезбедување на обуки за наставниците и стручните соработници за работа според современи методи и техники за деца со ПОП за кои би била спроведувана и дисеминација.
- Вклучување на специјалните едукатори и рехабилитатори во изготвување на учебници и помагала за ученици со ПОП во согласност со Наставните планови и програми;
- Учество на Стручниот кадар во проекти во и надвор од државата;
- Опремување на кабинетите со иновативни нагледни средства и технички помагала за поуспешна реализација на едукацијата и рехабилитацијата на учениците со ПОП, како и дијагностика на слух и говор(аудиометрирање и скрининг на слух);
- Прилагодување и симплифицирање на НПП.
- Намалување на теоретскиот дел, со поголем акцент на вежби и практична примена на реализираната содржина;
- Слобода на наставникот во поглед на прилагодување и модифицирање на наставната содржина, со цел идентификување на индивидуалните потреби и способности на учениците и давање можност на учениците со ПОП да ги постигнат планираните цели.
- Прилагодување на наставата по модифицирана програма според видот на попреченост на ученикот и по нивоа (развојни подрачја), а не по наставни предмети;
- Дополнителна асистивна технологија за поддршка на инклузивниот процес во наставата.

Анкета за родители/старатели

Подрачје 1: Анкетирани се 24 родители

| | *Целосно се согласувам* | *Се согласувам* | *Не се согласувам* | *Целосно несе согласувам* | *Не знам/Немам информација* |
|---|---|---|---|---|---|
| Во текот на учебната година, моето дете ги има сите наставни часови, согласно распоредот | 100% | | | | |
| Запознаен/а сум со со листата на изборни / слободни изборни предмети и активности | 50% | 50% | | | |
| Изборните предмети / активности кои ги посетува моето дете ги има избрано согласно своите интереси | 25% | 75% | | | |
| Наставниците ги прилагодуваат задачите и активностите на индивидуалните потреби на моето дете | 75% | 25% | | | |
| Моето дете слободно може да се изрази за време на часовите | 75% | 25% | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| На моето дете повеќето часови му се интересни | | 100% | | | |
| Моето дете било вклучено во активност/и реализирана со ученици кои учат на различни јазици | | 75% | 25% | | |
| Училиштето го чувствувам како безбедна средина за моето дете | 50% | 25% | 25% | | |
| Училиштето го чувствувам како мотивирачка средина за моето дете | | 100% | | | |
| Моето дете во училиштато има пристап до различни материјали за учење (на пр. енциклопедии, списанија, интернет, модели) | 25% | 75% | | | |
| Наставниците го пофалуваат моето дете за постигнатите резултати | 75% | 25% | | | |
| Наставниците го пофалуваат моето дете за вложениот труд | 50% | 50% | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Наставниците му даваат насоки на моето дете како подобро да учи | 75% | 25% | | | |
| Редовно сум известен/а за постигнувањата на моето дете на училиште (не само на полугодие и крај на година) | 100% | | | | |
| Ги користам можностите да разговарам со наставниците за постигањата на моето дете | 100% | | | | |
| Наставниците ме запознаваат со критериумите за оценување по нивниот предмет | 75% | 25% | | | |
| Училиштето нуди избор на различни воннаставни активности (клубови, проекти и сл.) | 25% | 75% | | | |
| Моето дете е вклучено во воннаставни активности, според сопствениот интерес | 25% | 75% | | | |

Анкета за наставници

Анкетирани се 21 наставник

| | *Целосно се согласувам* | *Се согласувам* | *Не се согласувам* | *Целосно несе согласувам* | *Не знам/Немам информација* |
|---|---|---|---|---|---|

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Добивам навремена обука за примена на современи методи и техники на планирање на наставата. | | 86% | 14% | | |
| Директорот и стручната служба ги следат моите планирања најмалку два пати во полугодието. | 29% | 71% | | | |
| Добивам поддршка од директорот и/или стручната служба при изготвување на планирање за мојот наставен предмет/предмети | 29% | 57% | 14% | | |
| Во рамки на стручните активи разменуваме искуства за планирањата на часовите, најмалку два пати во полугодието | 57% | 43% | | | |
| Задачите и активностите на часовите ги приспособувам на индивидуалните образовни потреби на учениците | 86% | 14% | | | |
| Во наставата користам различни ресурси за учење и настава | 86% | 14% | | | |
| Во наставата користам приоди кои поттикнуваат истражување и решавање проблеми | 29% | 71% | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Ги поттикнувам учениците да поставуваат прашања кога нешто не разбираат или сакаат да знаат повеќе | 29% | 71% | | | |
| На моите часови, учениците честопати работат на начини кои подразбираат интеракција помеѓу нив | 43% | 57% | | | |
| Кон учениците се однесувам со почитување | 86% | 14% | | | |
| Ги разбирам проблемите и потребите на учениците | 86% | 14% | | | |
| Во текот на наставата, учениците можат да бираат дополнителни задачи/активности или задачи/активности по свој избор | 29% | 71% | | | |
| Реализирам МИО (интеркултурни) активности со учениците според претходно направен план | 71% | 29% | | | |
| Успешно соработувам со образовните асистенти | 43% | 43% | 14% | | |
| Редовно ги пофалувам учениците за постигнатите резултати | 71% | 29% | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Редовно ги пофалувам учениците за вложениот труд | 86% | 14% | | | |
| На учениците им кажувам што добро научиле а што треба дополнително да научат за да ги постигнат сопствените очекувања | 71% | 29% | | | |
| Ги запознавам учениците што треба да знаат и умеат за секоја од оценките | 57% | 43% | | | |
| На учениците им давам насоки како поуспешно да учат | 71% | 29% | | | |
| Применувам различни начини на оценување на учениците | 86% | 14% | | | |
| Учениците редовно ги вклучувам во оценувањето (самооценување, меѓусебно оценување, градење критериуми и сл.). | 14% | 86% | | | |
| Планот за воннаставни активности кои ги водам, го изготвувам заедно со учениците. | 14% | 86% | | | |

Анкета за ученици

Анкетирани се 24 ученици

| | *Целосно сесогласувам* | *Се согласувам* | *Не се согласувам* | *Целосно несе согласувам* | *Не знам/Немам информација* |
|---|---|---|---|---|---|
| На часовите имам можност да учам на различни начини (на пр. преку проекти, преку игра, преку истражување и сл.) | | 100% | | | |
| Сам/а ги имам избрано слободните изборни активности и предмети во кои учествувам, според моите интереси. | | 70% | 30% | | |
| На часовите користиме различни материјали и извори за учење (на пр. енциклопедии, списанија, интернет, модели) | | 100% | | | |
| Наставниците ја прават содржината од предметите интересна. | | 100% | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| На најголем број од часовите, сите ученици сме активно вклучени во наставата (поставуваме, прашања, дискутираме, работиме во групи). | | 90% | 10% | | | |
| Наставниците ме поддржуваат и мотивираат да учествувам на различни натпревари. | | 50% | 50% | | | |
| Наставниците ме поддржуваат и мотивираат да учествувам во различни проекти | | 70% | 30% | | | |
| Наставниците однапред ни објаснуваат што треба да знаеме за секоја оцена. | | 70% | 30% | | | |
| Наставниците ми објаснуваат зошто сум добил/а одредена оцена. | | 80% | 20% | | | |
| Оценувањето на сите ученици е праведно. | | 90% | 10% | | | |
| Наставниците редовно ме известуваат за моите постигнувања и начините за нивно подобрување. | | 100% | | | | |
| Наставниците користат различни начини за проверка на моите знаења (усна проверка, тестови, наставни листови и сл.). | | 100% | | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Наставниците ме пофалуваат за мојот труд | | 100% | | | |
| Наставниците ме пофалуваат за моите резултати | | 100% | | | |
| Ако не знам нешто на часовите, можам слободно да ги прашам наставниците | | 100% | | | |
| На часовите можам слободно да кажам што мислам | | 100% | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Во училиштето имам избор на различни воннаставни активности (на пр. клубови, проекти, акции) | | 30% | 70% | | |
| Се вклучувам во воннаставните активности по мој избор. | | 90% | 10% | | |
| Наставниците ме вклучуваат во подготвувањето и планирањето на воннаставните активности. | | 90% | | | 10% |
| Сум бил/а вклучен/а во активности заедно со ученици од други култури (од моето или од друго училиште) | | 60% | 30% | | 10% |

| |
|---|
| Резиме (главни наоди) од интервјуа со директор/стручна служба<br>Подрачје 4: |
| Резиме (главни наоди) од фокус групи<br>Подрачје 4: / |
| Наоди од набљудување часови<br>Подрачје 4: / |
| Наоди од други видови набљудувања<br>Подрачје 4: / |

## Подрачје 2: Постигања на учениците

| Индикатори за подрачјето: |
| --- |
| **2.1 Постигања на учениците**<br>**2.2 Мерки за подобрување на постигањата** |

**Самоевалуација на училиштето:** Основно училиште со ресурсен центар “Кочо Рацин” – Битола

**Подрачје 2: Постигања на учениците**

| **Собирање податоци** | | |
|---|---|---|
| **Индикатор 2.1 Постигања на учениците** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| Училишни програми и извештаи ;<br><br>-Самоевалуација ;<br><br>-Записници од стручни органи на училиштето ;<br><br>-Извештаи од стручната служба ;<br><br>-Споредбени прегледи од резултатите од оценувањето ;<br><br>-Совет на родители<br><br>-Анализи на успехот ;<br><br>-Анкети (интервјуа со родители, наставници и ученици )<br><br>-Досиеја на ученици ;<br><br>-Поддршка во учењето<br><br>-Дневници од учебните 2023/2024 и 2024/2025година | Следење на постигањата на учениците од различен пол и јазик на наставата според наставни предмети и според квалификациски периоди | Распореди и програми за дополнителна настава за учебните 2023/2024 и 2024/2025 година Постигнувањата на ученицитесо попреченост во развојот, без разлика на полот, етничката припадност на ученикот, (и јазикот на кој се изведува наставата), перманетно се следат, квартално се бележат, компаративно се анализираат и унапредуваат преку конкретни активности како адаптирање на наставни програми земајќи ги во предвид индивидуалните образовни потреби, способности и можности на секој ученик, примена на соодветни наставни форми и методи за работа, како и техники со што ги мотивираат учениците да учат и да го постигнат својот максимум, креативно користење на дидактички средства, реализација на дополнителна  настава за предмети во паралеките со глуви деца за кои учениците со пречки во развојот, покажале тешкотии во усвојувањето. |

| | | |
|---|---|---|
| | Резултати од екстерни тестирања | |
| | Идентификување и поддршка на учениците со тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со попреченост | |
| | Известување на родителите/старателите за постигањата на учениците | |
| **Индикатор 2.2Мерки за подобрување на постигањата** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| Училишни програми и извештаи<br>-Записници од стручни органи на училиштето ;<br>-Извештаи од стручната служба ;<br>-Споредбени прегледи од резултатите од оценувањето ;<br>-Совет на родители | Редовност во наставата | • Записници од одделенски и наставнички совети врз основа на доставени извештаи од одделенските наставници<br>• Записници од извештаи на стручни служби<br>• Увид во Е - дневникот |
| | Советување на родители/старатели и ученици | Родителите се навремено и редовно информирани за постигањата на нивните деца и добиваат совети и насоки од наставник за работа (вежби) со ученикот во домашни услови со цел подобрување на постигањата на ученикот. |

| | | |
|---|---|---|
| -Анализи на успехот ;<br>-Анкети (интервјуа со родители, наставници и ученици )<br>-Досиеја на ученици ;<br>-Поддршка во учењето<br>-Дневници од учебните 2023/2024 и 2024/2025година | Подобрување на постигањата на учениците преку редовната и дополнителната настава | Напредок во постигнувањата на учениците со посебни образовни потреби се овозможува и со можноста за нивно опфаќање со ран третман.<br>Редовната настава се одвива во претходно изработен распоред на часови<br>Сите ученици се опфатени во дополнителна и додатна настава<br>Учениците посетуваат индивидуални третмани во 11 кабинети |

**Подрачје 2: Постигања на учениците**

| |
|---|
| **Опис/резиме на подрачјето** ОУРЦ „Кочо Рацин„ опфаќа ученици со пречки во развојот на ниво на РСМ и за таа цел презема различни активности (посети на семејствата, кампањи, соработка со надлежните институции, локалната самоуправа...)<br><br>Училиштето систематски ја следи редовноста на учениците како со физичко присуство , ги анализира причините за отсуство од наставата и навреме превзема конкретни педагошки мерки.Училиштето реализира соработка и советувањата на родителите за што води уредна документација, известува надлежни институции, врши анализи на резултатите од советувањето и се следи подобрувањето на редовноста.<br><br>Училиштето континуирано го следи осипувањето на учениците (според полот, одделение/паралелка и етничката припадност) ги анализира причините и во соработка со локалната самоуправа и родителите, навреме презема конкретни активности.<br><br>Училиштето ја почитува постапката за премин на ученици од едно училиште во друго и притоа во другото училиште ги доставува потребните информации за образовниот развој на ученикот. |
| 1. **Силни страни**<br>2. Високообразован, компетентен и стручен наставен кадар, соодветнооспособен за квалитетна работа<br>3. со ученици со пречки во развојот;<br>4. Одделенските раководители и наставниците водат редовна педагошка евиденција која овозможува<br>5. континуирано следење на индивидуалните постигнувања на учениците со пречки во развојот<br>6. Можност за ран третман<br>7. Родителите се навремено информирани за постигањата на нивните деца<br>8. Училиштето континуирано презема конкретни активности за постојано подобрување на индивидуалните<br>9. постигнувања<br>10. Училиштето систематски ја следи редовноста на учениците, ги анализира причините за<br>11. отсуство од наставата и презема активности за зголемување на редовноста |

**Слаби страни**

- Послаб успех кај ученици кои се инклудирани
- Нецелосна опфатеност на ученици со пречки во развојот во образовниот систем на РСМ
- Немање на учебници за оваа категорија на ученици
- Наставниците немаат директно влијание врз изработката на наставните планови и програми за ученици со пречки во развојот

**Приоритети**

-Информирање на родителите на ученици со пречки во развојот за значењето на ран опфат со третман и рехабилитација на детето и воопшто за развојот на детето со ПОП преку советодавни и информативни разговори со соодветни стручни лица

-Изработка на соодветни учебници и наставни помагала и нагледни средства за деца со посебни потреби

- Набавување на асистивна технологија за потребите во сите кабинети

- Вклучување на наставниците во изработка на наставни програми за ученици со пречки во развојот и ИОП

-Соработка со соодветни институции одговорни за спроведување на инклузијата во РСМ

- Обезбедување и вклучување на специјален едукатор и рехабилитатор од ресурсниот центар во сите инклузивни тимови во училиштата и центрите за поддршка од нашиот регион.

**Обработка на податоци - Наставници**

На прашањето „ **Успевам да ги идентификувам учениците со тешкоти во учењето** “ 71% од наставниците одговориле дека целосно се согласуваат, а 29% одговориле дека се согласуваат.




На прашањето „ **Успевам да ги идентификувам надарените ученици**“ 71% од наставниците одговориле дека целосно се согласуваат, а 29% одговориле дека се согласуваат.



На прашањето „**Голем број родители ја користат можноста да разговараат за постигањата на своето дете** “ 43% од наставниците  одговориле дека целосно се согласуваат, а 57% дека се согласуваат.




На прашањето „ **На родителите им давам јасно насоки како најдобро да му помогнат на своето дете во учењето** “ 71% од наставниците одговириле дека целосно се согласуваат, а 29% одговориле дека се согласуваат.



**Обработка на податоци - Родители**

На прашањето „**Од училиштето добивам добри совети за подобрување на успехот на моето дете** “ 25% од родителите одговориле дека целосно се согласуваат , а 75% одговориле дека се согласуваат.




На прашањето **„Од училиштето добивам добри совети за подобрување на успехот на моето дете“** 50% од родителите одговориле дека Целосно се согласуваат, а 50% одговориле дека се согласуваат.



На прашањето **„Континуирано сум информиран/а за редовноста на моето дете“** 75% од родителите одговориле дека целосно се согласуваат, а 25% одговориле дека се согласуваат.




На прашањето „ **На моето дете во училиштето му е овозможена дополнителна или додатна настава, доколку има потреба за тоа** “ 50% од родителите одговориле дека целосно се согласуваат, а 50% одговориле дека се согласуваат.



**Обработка на податоци - Ученици**

На прашањето **„Моите родители/старатели се постојано известувани за мојот напредок на училиште "** 60% од учениците одговориле дека се согласуваат, 30% одговориле дека не се согласуваат и 10% одговориле дека не знат/нема информација




На прашањето „**Наставниците постојано ме поттикнуватна подобрување на мојот успех** " 40% од учениците одговориле дека се согласуваат, 50% одговориле дека не се согласуваат, а 10% одговориле дека не знат/немат информација.



На прашањето „**Доколку не можам да го совладам материјалот на мое барање наставниците ми организираат дополнителна настава** “ 70% од учениците одговориле дека се согласуваат, а 30% одговориле дека не се согласуваат.




На прашањето „**Доколку не можам да го совладам материјалот, наставниците се обидуваат да ми го разјаснат на различни начини** “ 90% од учениците одговориле дека се согласуваат,а 10% одговориле дека не се согласуваат.



## Подрачје 3: Училишна клима и односи во училиштето

| **Индикатори за подрачјето:** |
| --- |
| **3.1 Училишна клима**<br><br>**3.2 Еднаквост и правичност**<br><br>**3.3 Партнерски однос со заедницата**<br><br>**3.4 Севкупна грижа за учениците** |

**Самоевалуација на училиштето:** Основно училиште со ресурсен центар "Кочо Рацин" – Битола

**Подрачје 3: Училишна климаи односи во училиштето**

| **Собирање податоци** | | |
|---|---|---|
| **Индикатор 3.1 Училишна клима** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| -Годишна програма за работа на ОУРЦ ,,Кочо Рацин,, ;<br><br>-Глобални, тематски и дневни подготовки;<br><br>-Планови и програми за индивидуални третмани по кабинети(дневници за работа)<br><br>-Годишна програма за работа на директорот и педагогот;<br><br>-Дневник за работа на педагогот; | Углед/имиџ на училиштето | Училиштето е препознатливо во локалната средина и надвор од неа со своето долгогодишно постоење. Од своето постоење се до денес училиштето има одлична соработка со останатите училишта во државата и надвор од неа. Училиштето спроведува воннаставни активности по кои е препознатливо во средината. ОУРЦ " Кочо Рацин" – Битола во своето 75 годишно постоење има дадено голем придонес како во образованието кај учениците со ПОП така и во рехабилитацијата на истите. Континуирано се залага за остварување на поголеми цели и успех во полето на едукацација и рехабилитацијата преку посета на конференции, семинари, обуки со цел усовршување на личниот и професионалниот план. Училиштето има изградено систем на промовирање на постигањата на сите ученици во рамките на училиштето и во пошироката локална средина. |

| | | |
|---|---|---|
| -Дневник за работа на социјалниот работник<br><br>-Одделенски е-дневници;<br><br>-Кодекс за однесување на ученици;<br><br>-Кодекс за однесување на родители;<br><br>-Кодекс за однесување на наставници;<br><br>-Материјали од проекти и донации (слики, портфолија…);<br><br>-Записници од Одделенски и Наставнички совети;<br><br>-Известувања на родителите за поведението на учениците;<br><br>-Анкетни прашалници за наставници, родители и ученици<br><br>-Куќен ред | Кодекс на однесување | Училиштето има кодекс на однесување, во кој се поставени принципите и правилата на однесување во училиштето на сите структури. Во ОУРЦ „Кочо Рацин„ постојат: Кодекс за однесување на ученици, Кодекс за однесување на наставници и Кодекс за однесување на родители. Наша примарна цел во наредниот период ќе биде да продолжиме да ги следиме современите методи и техники на работа со нашите ученици во воспитно-образовниот и хабилитационо-корективниот процес, како и интензивно вклучување на родителите во истиот.Кодексите се изработени со учество на претставници од наставници, стручни соработници, родители и ученици. Истите тие кодекси транспарентно се истакнати пред останатите вработени во училиштето. Училиштето има пишани процедури за постапување во случај на прекршување на принципите и правилата на однесување, пропишани со кодексот и таквите процедури ги спроведува во практика и има примери од спроведувањето. |
| | Училишна клима | Во ОУРЦ “ Кочо Рацин” постои заемно почитување и вклученост во активностите кои се изведуваат. Меѓу вработените постои професионална соработка, добра комунакација и почитување. Раководниот, наставниот, стручниот и останатиот кадар придонесуваат заодржување на работната атмосфера во училиштето и се залагаат истата да биде се подобра и подобра. Наставниот кадар ги упатуваат и советуваат учениците да се грижат за себе и за останатите соученици. Сите ученици се безбедни и прифатени од страна на сите вработени. Нема закани, говор на омраза, делење според етничка основа, навредување итн. Во училишната средина ученците се мотивираат за да ги постигнат своите цели во зависност од нивната можност и способност. |
| | Поведение и дисциплина во училиштето | Училиштето има куќен ред, кој го почитуваат учениците и вработените. Постои работна атмосфера за време на наставата и вонваставните активности. Вработените постојано се грижат за однесувањето на учениците за време на одморите, приемот на учениците и нивното заминување од училиштето. Вработените во ОУРЦ “ Кочо Рацин” секојдневно се залагаат за подобрување на работната атмосфера и клима со цел постигнување на поголеми резултати и успех. |

| | | |
|---|---|---|
| | Учество на учениците во донесувањето одлуки и решавањето проблеми | Во училиштето функционира Ученички парламент. Со оглед на тоа дека станува збор за училиште во кое настава посетуваат ученици со ПОП информациите кои треба да се споделуваат до останатите ученици и родители ги пренесува претставник од Училишниот одбор заедно со одделенскиот/класниот раководител.<br>Учениците членови на ученичкиот парламент редовно се поканувaат и присуствуваат на состаноци на училиштен одбор. |
| **Индикатор 3.2Еднаквост и правичност** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| Анкета и разговори со ученици, родители те, наставници, стручна служба; извештаи од спроведени активности за запознавање со детските права; записници од активностите на Ученичкиот парламент и ученикот правобранител (на пр. број на претставки и начин на Куќен ред<br><br>Куќен ред<br><br>Анкетни прашалници<br><br>Годишна програма на домска заедница и детска организација. | Познавање и почитување на правата на децата | Вработените во училиштето ги познаваат и почитуваат правата на децата. Училиштето ги поттикнувaучениците да ги остваруваат своите права и ги заштитува во случај на нивно нарушување.<br><br>Со своите права и одговорности, учениците секојдневно се запознаваат преку разновидните индивидуални и групни програми за работа,при што постои еднаков третман и пристап кон секој ученик и родител. |
| | Еднаков и правичен третман на сите ученици | Училиштето промовира еднаков и правичен третман кон сите ученици. Училиштето навремено и соодветно реагира на поплаките од учениците за нееднаков третман.<br><br>Установата подеднакво ги вклучува сите ученици во училишните воннаставни активности, приредби, ги мотивира и инспирира, учествува во натпревари на општинско и републичко ниво, а се организираат и посети на изложби, театарски претстави, музеи, кина, и сл., адаптирано на можностите и способностите на самите ученици. Овие активности се реализираат од страна на наставниците, при што не се прави разлика во етничката припадност, полот и социјалниот статус, што значи дека ангажираноста на учениците во наставата и вон наставата е подеднаква за сите. За промоција на личните достигнувања на учениците, организираме изложби, приредби, штандови, работилници, истакнување на трудовите на паноа (во кабинетите и ходниците), Веб страна, социјални мрежи, ТВ настапи и сл. Резултати се промовираат како на локално така и на државно ниво, па и во соседните држави со Заводи со кои имаме одлична соработка. Училиштето и наставниците им даваат можности на учениците согласно нивните способности и интереси да ги изразат своите креативни потенцијали во наставата и во воннаставните активности. |

<table>
<tr><td colspan="3">Индикатор 3.3 Партнерски однос со заедницата</td></tr>
<tr><td>Извори на податоци</td><td>Теми по индикатори</td><td>Информации кои се собрани</td></tr>
<tr><td rowspan="2">-Записници од индивидуални средби и родителски состаноци како и предавања за едукација и информирање на родителите;<br><br>-Записници од Совет на родители;<br><br>-Записници од училишен одбор;<br><br>-Дневник за работа на педагогот;<br><br>-Дневник за работа на социјалниот работник<br><br>-Дневник за работа на директор;<br><br>-Документи за соработка со други училишта, Локална самоуправа, невладин сектор, донатори и други институции и поединци (писма, покани, слики, портфолија…);</td><td>Соработка на училиштето со родителите/старателите</td><td>Соработката со родителите се остварува преку нивно запознавање со наставниот план и програма, индивидуалните третмани, вклучување во проекти, како и преку едукативни и информативни предавања, индивидуални средби и родителски состаноци на кои се разгледуваат прашања од интерес на напредокот на нивните деца. Во Советот на родители и Училишниот одбор, родителите ги даваат своите мислења и идеи. Формите за соработка со родителите се развиени на високо ниво. Мислењата и ставовите на родителите/старателите се почитуваат и влијаат на одредени одлуки кои се донесуваат во училиштето. Информациите што се однесуваат на сите аспекти од работата на училиштето им се достапни на родителите .Училиштето презема добро испланирани активности за вклучување на родителите во подобрување на воспитно-образовната работа на училиштето на сите нивоа.</td></tr>
<tr><td>Соработка со општината и со урбаната заедница</td><td>Соработката со локалната самоуправа е исто така на високо ниво, а се согледува во честите посети од страна на нивни претставници во училиштето, во врска со прашања кои се значајни за наставниот процес, но и работата на училиштето воопшто. Училиштето организира средби на соработка со НВО, Градската библиотека, Центарот за култура, Битолскиот народен театар и многу други институции, а исто така и со основните и средните училишта, преку работилници, штандови и заеднички проекти преку кои се остварува социјалната инклузија и интеграција. Се организираат заеднички литературни читања, изложби, спортски натпревари и сл. На стручен план, соработуваме и со БРО, МВР, МОН, Центрите за социјална работа, Црвен крст, Народна техника, Здравствен дом, Клиничка болница, Ресурсни центри, Центри за поддршка, МКФ итн. Нашата установа има отвореност во работата, па овие контакти и заеднички средби се многу чести. Ние оствaруваме контакти на своја иницијатива, за свои потреби, но исто така прифаќаме и нивни иницијативи.</td></tr>
<tr><td colspan="3"></td></tr>
</table>

| | Теми по индикатори | Информации кои се собрани |
|---|---|---|
| Кодекс на однесување; куќенред на училиштето; набљудување на условите воучилиштето; протоколза превенција и заштита од насилство; анкети/интервјуа со наставниците, родителите и со учениците; педагошка евиденција за изречени педагошки мерки; записници од советувања<br><br>Организирани трибини, дебати, предавања со учениците, родителите и со претставниците на локалната заедница за теми поврзани со: ментално здравје, социо-емоционални вештини, здраво живеење и сл.; | Превенција и заштита од насилство | Вработените ја знаат својата улога и одговорност во процесот на заштита на детето. ОУРЦ “ Кочо Рацин” соработува со Центрите за социјални работи, Министерството за внатрешни работи и здравствените установи. |
| | Заштита од пушење, алкохол и од дрога | Во училиштето, има истакнато знаци за забрана од пушење, внесување и консумирање алкохол, дистрибуција и консумирање наркотични супстанции. Во училиштето се реализираат голем број активности за заштита од штетните влијанија на пушењето, алкохолот и наркотичните средства. |
| | Квалитет на достапна храна | Училиштето се грижи за квалитетот на храната што им е понудена на учениците во училиштето. Училиштето поседува кујна и менза во која учениците го имаат својот оброк. |
| | Хигиена и заштита од болести | Во училиштето тоалетите се чисти и дезинфицирани. Училиштето врши дезинфекција, дезинсекција и дератизација. Учениците ја одржуваат личната хигиена. За училниците, ходниците и скалите се грижат хигиеничари и истите постапуваат според дадени протоколи за одржување на хигиена. Дворот на училиштето е чист и хортикултурно уреден. Во дворот на училиштето, во секоја училница и во ходниците има корпи за отпадоци. Училиштето има програма за превенција од заразни болести. Сите вработени и ученици редовно вршат систематски прегледи. Во училиштето има лица кои имаат сертификати за давање на прва помош. Сите ученици се здравствено осигурани. Во училиштето од страна на стручни лица се држат предавања за лична и здравствена нега. |
| | Грижа за безбедноста на учениците и вработените | Во училиштето постои план за евакуација кој е поставен на видно место и еднаш годишно се врши симулација за брзо напуштање на училиштето во случај на елементарни непогоди и друга опасност. Во училиштето има ПП апарати кои редовно се сервисираат. |

| | | |
|---|---|---|
| | Грижа за учениците од социјално загрозени семејства | Социјалниот работник во соработка со Центарот за социјална политика ги идентификува учениците кои доаѓаат од социјално загрозени семејства. Училиштето континуирано соработува со родителите/старателите, локалната заедница и со други релевантни институции за помош и поддршка на учениците од социјално загрозени семејства. |
| | Грижа за учениците со здравствени проблеми | Учениците во ОУРЦ " Кочо Рацин" се здравствено осигурани. Доколку кај ученик се појави здравствен проблем одделенскиот/класниот раководител заедно со медицинската сестра даваат совети и насоки како да постави родителот. |
| | Грижа за социо-емоционалната добросостојба на учениците | Наставниот кадар заедно со стручната служба (педагог, психолог, социјален работник) им помагаат на учениците кои имаат проблеми со социо-емоционалната состојба. Според програмата со учениците и родителите се изведуваат работилници на актуелни теми од секојдневието. |
| | Давање помош при изборот за продолжување на образованието | Училиштето навремено им обезбедува на учениците јасни и точни информации за можностите за продолжување на образованието.<br>Училиштето редовно ги информира родителите и учениците за помошта што можат да ја добијат, преку пишани и усни соопштенија.<br>Училиштето дава помош на учениците и нивните родители/старатели во избор на средното училиште. |

**Подрачје 3: Училишна клима и односи во училиштето**

**Опис/резиме на подрачјето**

Според горенаведеното ОУРЦ “ Кочо Рацин” е препознатливо во локалната средина и надвор од неа со своето долгогодишно постоење.

- Училиштето има кодекс на однесување, во кој се поставени принципите и правилата на однесување во училиштето на сите структури.
- Во ОУРЦ “ Кочо Рацин” постои заемно почитување и вклученост во активностите кои се изведуваат.
- Училиштето има куќен ред, кој го почитуваат учениците и вработените. Постои работна атмосфера за време на наставата и воннаставните активности.
- Вработените во училиштето ги познаваат и почитуваат правата на децата.
- Училиштето промовира еднаков и правичен третман кон сите ученици.
- Установата подеднакво ги вклучува сите ученици во училишните воннаставни активности.
- Соработката со родителите се остварува преку нивно запознавање со наставниот план и програма, индивидуалните третмани, вклучување во проекти, како и преку едукативни и информативни предавања, индивидуални средби и родителски состаноци на кои се разгледуваат прашања од интерес на напредокот на нивните деца.
- Соработката со локалната самоуправа е исто така на високо ниво.
- Училишната клима во ОУРЦ “ Кочо Рацин” е на добро ниво. Со добра организација и менаџирање во иднина се стремиме кон подобрување на истата за подобро функционирање на наставниот, стручниот кадар како и техничката служба.
- Се залагаме секој ученик еднакво да е вклучен во наставата и во воннаставните активности. Секој ученик усвојува според неговата можност и способност

Во прилог ги истакнуваме силните и слабите страни на ОУРЦ “ Кочо Рацин”.

**Силни страни**

- Следење и примена на современи трендови на работа со ученици со ПОП;
- Континуиран професионален развој на наставниците вклучени во образовниот процес преку посета на семинари, конференции и обуки во и надвор од државата;
- Индивидуални третмани со учениците запишани во ОУРЦ “ Кочо Рацин” ;
- Настава по модифицирана програма и индивидуални третмани на ученици од редовните училишта;
- Соработка помеѓу наставниците и учениците;
- Соработка со родителите;
- Отвореност за соработка со надворешни лица;
- Соработка со локалната средина;
- Соработка со други училишта;
- Обезбедување на образовни асистенти;
- Соработка со училишта на ниво на држава;
- Соработка со ресурсни центри; Соработка со центри за поддршка;
- Соработка со МКФ;
- Соработка со стручни служби од редовните училишта;
- Советодавни разговори;
- Позитивна клима меѓу наставниците и меѓу учениците;
- Градење социјализација и интеграција кај учениците;
- Почитување на различностите на учениците (мултиетничка установа);
- Мотивирање на учениците преку пофалби и награди;
- Остварување на меѓународна соработка со сродни установи;
- Примена и почитување на училишни правилници и кодекси.
- Се врши редовна дисеминација на обуки за сите воведени новини и измени во воспитно образовниот процес ;
- Се вршат редовни анализи на постигањата , редовноста и дисциплината на учениците поединечно , на ниво на паралелка и на ниво на училиште .
- Училиштето има превземено соодветни мерки за безбедноста на учениците, секојдневно состојбата ја следат дежурен наставник, двајца дежурни стручни соработници, психолог и хигиеничар. Сите вработени се грижат за однесувањето и безбедноста на учениците при приемот и заминувањето од училиште.

| |
|---|
| **Слаби страни**<br><br>Клучни слаби страни:<br><br>• Делумна партиципација на учениците во донесувањето одделни одлуки;<br>• Соработка со Министерството за труд и социјала т.е. негова партиципација во работата на интернатот и наше законско вклучување во давање помош и поддршка на родителите и децата со ПОП во периодот од раѓање до поаѓање на училиште;<br>• Соработка со Министерството за здравство т.е. негова партиципација и наше законско вклучување во дијагностиката и пратење на развојот на детето со ПОП од периодот на раѓање односно дијагностицирање на проблемот во развојот;<br>• |
| **Приоритети**<br><br>• ***Поголема партиципација на учениците во донесувањето одлуки на ниво на училиштето;?***<br>• Потенцирање на воспитната компонента кај учениците;<br>• Активно учество во промените во Законот за основно образование во делот за деца со ПОП како и во креирањето на политиката на државата во делот за деца со ПОП, соработка со МОН, локалната самоуправа и целокупната урбана заедница.<br>• Остварување поголема соработка и активно учество во здравствените и социјалните институции со цел рано откривање, пратење, помош и поддршка на родителите и децата со ПОП со цел севкупна грижа за нив преку интензивирано организирање на работилници, информативни и советодавни разговори за заштита од насилство, пушење, алкохол и дрога, како и ставање посебен акцент за грижа на учениците од социјално загрозените семејства.<br>• Да се стави акцент на индивидуални третмани кои ги нудиме поради важноста на предучилишниот како и училишниот период за развојот на децата;<br>• Обезбедување на средства за обуки (Сензорна интеграција, Биофидбек, Реедукација на психомоторика) конференции, семинари. |

**МЕТОДИ КОИ СЕ КОРИСТЕНИ ЗА СОБИРАЊЕ ПОДАТОЦИ И ОБРАБОТЕНИ ИНФОРМАЦИИ**

**ПРАШАЛНИК ЗА РОДИТЕЛИ, НАСТАВЕН КАДАР И УЧЕНИЦИ**

**НАСТАВЕН КАДАР**

На првото прашање **Имам учествувано во изработка/ажурирање на кодексот за однесување во училиштето-** 100% одговориле целосно се согласувам.



На второ прашање Училиштето соодветно постапува доколку се прекрши Кодексот на однесување - 29% од наставниците одговориле дека целосно се согласувам, 57% одговориле дека се согласуваат и 14% одговориле дека не се согласуваат




На третото прашање: Атмосферата во училиштето е позитивна и поттикнувачка средина- 14% од наставниците одговориле дека целосно се согласуваат, 57% одговориле дека се согласуваат и 29% одговориле дека не се согласуваат.



На четвртото прашање: За време на моите часови има добра работна средина – 57% од наставниците одговориле дека целосно се согласуваат и 43% одговориле дека целосно се согласуваат.




На петтото прашање: Добро соработувам со колегите во училиштето- 57% од наставниците одговориле дека целосно се согласуваат и 43% одговориле дека се согласуваат.



На шестото прашање: Со моите ученици спроведувам активности за превенција на насилство и ненасилно решавање конфликти -43% од наставниците одговориле дека се согласуваат, 43% одговориле дека се согласуваат и 14% одговориле дека не се согласуваат.




На седмо прашање: Во училиштето се работи со сите ученици кои се учесници во врсничко насилство- 14% од наставниците одговориле дека целосно не се согласуваат, 72% одговориле дека се согласуваат и 14 % одговориле целосно не се согласуваам.



На осмото прашање: Учениците ги мотивирам да учествуваат во донесување на одлуки за прашања кои се во нивни интерес- 29% од наставниците одговориле дека целосно се согласуваат, 57% одговориле дека се согласуваат и 14% одговориле дека не се согласуваат.




На деветото прашање: Реализирам работилници за запознавање на родителите со правата и обврските на децата – 14% од наставниците одговориле дека целосно се согласуваат, 57% одговориле дека се согласуваат, и 29% одговориле дека не се согласуваат.



На десетото прашање: На учениците им укажувам на различните механизми за заштита на нивните права кои постојат во училиштето – 14% од наставниците одговориле дека целосно се согласуваат, 57% одговориле дека се согласуваат и 29% одговориле дека не се согласуваат.




На 11то прашање: Соодветно реагирам на поплаките на учениците за нееднаков третман- 29% од наставниците одговориле дека се согласуваат, 57% одговориле дека се согласуваат и 14% одговориле дека не се согласуваат.



На 12то прашање: Различни маргинализирани/ ранливи групи ги вклучуваам во училишните активности- 14% од наставниците одговориле дека целосно се согласуваат, 72% одговориле дека се согласуваат и 14% одговориле дека не се согласуваат.




На 13то прашање: Родителите/старателите ги поттикнувам активно да се вклучат во активностите во училиштето - 14% од наставниците одговориле дека целосно се согласуваат, 72% одговориле дека се согласуваат и 14% одговориле дека не се согласуваат



На 14то прашање: Ги прифаќам аргументираните идеи од родителите за подобрување на воспитно-образовниот процес – 14% од наставниците одговориле дека целосно се согласуваат, 72% одговориле дека се согласуваат и 14% одговориле дека не се согласуваат.




На 15то прашање: Учествувам во спроведување на заеднички проекти со Општината кои се од интерес на училиштето и заедницата – 14% од наставниците одговориле дека целосно се согласуваат и 86% одговориле дека се согласуваат.



На 16то прашање: Учествуавам во реализација на работилници со ученици за превенција од пушење, алкохол и дрога – 43% од наставниците одговориле дека целосно се согласуваат и 57% одговоориле дека 57% одговориле дека се согласуваат.




На 17то прашање: Ученици и родителите во училиштето добиваат соодветна поддршка и помош за решавање на проблемите – 72% од наставниците одговориле дека се согласуваат и 29% одговориле дека се согласуваат.



**УЧЕНИЦИ**

На прашањето: Во училиштето се чувствувам сигурно и безбедно 70% од учениците и 30% одговориле дека не се согласуваат.




На прашањето: Во училиштето се чувствувам прифатено од сите ученици – 60% од учениците одговориле дека се согласуваат и 40% бодговориле дека не се согласуваат.



На прашањето: Во училиштето се чувствувам прифатено од наставниците – 80% од учениците одговориле дека се согласуваат и 20 % одговориле дека не се согласуваат.




На прашањето: Сакам да одам на училиште – сите ученици одговориле дека се согласуваат.



На прашањето: Наставниците ги разбираат моите потреби и проблеми – сите ученици одговориле дека се согласуваат.




На прашањето: Во одделението/ училиштето имаме донесено заеднички правила на однесување кои ги почитуваме – сите ученици одговориле дека се согласуваат.



На прашањето: Запознаен/а сум со последиците доколку не ги почитувам правилата во училиштето – 30% од учениците одговориле дека се согласуваат а, 70 % одговориле дека не се согласуваат.




На прашањето: Училишните правила се применуваат подеднакво за сите ученици 10% од учениците одговориле дека се согласуваат а, 90% одговориле дека не се согласуваат.



На прашањето: Имам еднакви можности за учество во активностите во училиштето како и другите ученици – 90% од учениците одговориле дека се согласуваат а, 10 % одговориле дека не се согласуаат.




На прашањето:3.10 Имам еднакви можности за учество во различните активности на часовите ( пр. Поставување прашања, презентирање, одговарање) какои другите ученици – 60% од учениците одговориле дека целосно се согласуваат, 30% одговориле дека се согласуваат и 10% одговориле дека не се согласуваат.



На прашањето 3.11:  Ученичката заедница од моето одделение учествува во активности за подобрување на работата на училиштето – 70% од учениците одговориле дека целосно се согласуваат а, 30% одговориле дека се согласуваат.




На прашањето: 3.12 Знам како да постапам и каде да се обратам ако забележам прекршување на моите права – 10% од учениците одговориле дека целосно се согласуваат, 30% одговориле дека се согласуваат и 60% одговориле дека не се согласуваат.



На прашањето 3.13 Кога имам потреба од помош, можам да се обратам на раководителот на паралелката или на друг наставник 30% од учениците одговориле дека се согласуваат а, 70% одговориле дека не се согласуваат.




На прашањето: 3.14 Можам слободно да барам совет и поддршка од педагогот или психологот во училиштето – 10% од уениците одговориле дека целосно се согласуваат, 60% одговориле дека се согласуваат и 30% одговориле дека не се согласуваат.



На прашањето: 3.15  Во училиштето добивам поддршка  и помош при решавање на некој проблем- 10% од учениците одговориле дека целосно се согласуваат, 80% одговориле дека се согласуваат и 10% одговориле дека не се согласуваат.




На прашањето: 3.16 Знам како треба да постапам ако забелажам или ми се случи врсничко насилство во училиштето 10% од учениците одговориле дека целосно се согласуваат а, 90% одговориле дека се согласуваат.



На прашањето: 3.17 Во училиштето работиме на решавање конфликти и спречување насилство 90% од учениците одговориле дека се согласуваат, и 10% одговориле дека не се согласуваат.




На прашањето: 3.18 Учествувам во работилници за заштита од штетните влијанија на пушењето, алкохолот и наркотичниоте средства – сите учениците одговориле дека се согласуваат.



На прашањето 3.19 Училиштето е чисто и уредно- 20% од учениците одговориле дека се согласуват а, 80% одговориле дека не се согласуваат.



**Обработени податоци – РОДИТЕЛИ**

На првото прашање **Запознаен/а сум со кодексот на однесување на училиштето -** 50% одговориле целосно се согласувам, 50% одговориле со се согласувам.




На второто прашање „ **Имам можности да придонесам за развој/ ажурурање на содржината на кодексот** „ 25% одговориле целосно се согласувам, додека 75% одговориле со се согласувам.



На третото  прашање „ **Моето дете е прифатено и политувано од наставниците“**  „ 75% одговориле целосно се согласувам, додека 25% одговориле со се согласувам.




На четвртото  прашање „ **Моето дете е прифатено и политувано одсоучениците “**  „ 25% одговориле целосно се согласувам, додека  75% одговориле со се согласувам.



На петото  прашање „ **Моето дете сака да оди на училиште** “  „ 25% одговориле целосно се согласувам, додека  75%  одговориле со се согласувам.




На шестото  прашање „ **Училиштето добро се правува со дициплината** “  25% одговориле целосно се согласувам, 25% одговориле не се согласувам  и  50 %  одговориле се согласувам.



На седмото прашање „ **Сум бил/вклучен/а во активности за запознавање со правата на децата, огранизирани од училиштето** “ 50% одговориле целосно се согласувам и 50 % одговориле се согласувам.




На осмото прашање „ **Моето дете во училиштето ги добива иститие услови за учење како и другите ученици** “ 50% одговориле целосно се согласувам и 50 % одговориле се согласувам.




На деветото прашање „ **Моето дете е оценувано според исти критериуми како и другите ученици** “ 75 % одговориле целосно се согласувам

и 25 % одговориле се согласувам.




На десеттото прашање „ **Моето дете не било дискриминирано во училиштето врз основа на неговиот пол, етничка припадност, религиска припаднпост или друго** “ 75 % одговориле целосно се согласувам и 25 % одговориле се согласувам.




На единаесетото прашање „ **Училиштето навремено и соодветно реагира на нееднаков третман на учениците** “ 75 % одговориле целосно се

согласувам  и  25 %  одговориле се согласувам.




На дванаесетото  прашање  „ **Мислењата и сваовите на родителите/ за унапредување на воспитно-образовниот процес се почитуваат и влијаат на одредени одлуки кои се донесуваат во училиштето** “  50 % одговориле целосно се согласувам  и  50 %  одговориле се согласувам.




На тринаесетото  прашање  „ **Запознаен/а сум со училишниот протокол за превенција и постапување во случаи на насилство** “  50 %

одговориле целосно се согласувам  и  50 %  одговориле се согласувам.




На четиринаесетото прашање „ **Во училиштето се спроведуваат активности за превенција на насилство и ненасилно решавање на конфликти** “ 25 % одговориле целосно се согласувам, 25% одговориле не се согласувам и 50 % одговориле се согласувам.




На петнаесетото прашање „ **Училиштето добро се справува при појава на насилство** “ 50 % одговориле целосно се согласувам, и 50 %

одговориле се согласувам.




На шестнаесеттото прашање „ **Во училиштето се превземаат мерки за превенција за заштита од алкохол, пушење и дрога** “ 75 % одговориле целосно се согласувам, и 25 % одговориле се согласувам.




На седумнаесеттото прашање „ **Хигиената во училиштето е на високо ниво** “ 50 % одговориле целосно се согласувам, и 50%

одговориле не се согласувам.




На осумнаесеттото прашање „ **Училиштето се грижи за добросостојбата на моето дете** “ 50 % одговориле целосно се согласувам, и 50% одговориле се согласувам.




На деветнаесетото прашање „ **Училиштето се грижи за емиционалната состојба на моето дете** “ 50 % одговориле целосно се

согласувам,  25% одговориле не се согласувам  и  25 %  одговориле се согласувам.




На дваесетото прашање  „ **Училиштето дава информации и поддршка при избор на понатамошно обраазование на учениците“**   100 % одговориле целосно се согласувам,




**ИНТЕРВЈУ СО ДИРЕКТОР, ПЕДАГОГ, ПСИХОЛОГ, СОЦИЈАЛЕН РАБОТНИК, СПЕЦИЈАЛЕН ЕДУКАТОР**

## И РЕХАБИЛИТАТОР ПРОТОКОЛ ЗА ИНТЕРВЈУ

**По што е препознатливо вашето училиште?**

Училиштето во локалната средина е препознатливо по квалитетот на работењето, постигањата на учениците во повеќе области и културата наживеење. Сето ова не би било возможно без вклученост на сите вработени во училиштето, ученици и родители без разлика на етничката припадност и економскиот и социјалниот статус. Училиштето е препознатливо и по остварувањето на мисијата и визијата, кои наставниците добро ја познаваат. Вработените во училиштето постојано се стремат за подобрување на меѓусебната професионална соработка, која е една од основните услови за добра атмосфера во училиштето која се пренесува на родителите и посетителите на училиштето. Во училиштето постои усвоен кодекс на однесување со поставени принципи и правила на однесување на сите структури во училиштето (раководен кадар, наставници, стручна служба, технички персонал, ученици и родители). Во изработката на кодексот учество зеле сите структури и истиот е изложен на видно место заедно со куќниот ред.Наставата е организирана според педагошките стандарди и закони. Наставниците преку користење на позитивни приоди и современи методи,активно учење, пофалби, индивидуален пристап и други методи се стремат кон зголемување на мотивијацијата кај учениците. Сето тоа им овозможува на учениците за развојот на својата личност.

**Како ги промовирате постигањата?**

Учениците, со помош и поддршка од училиштето, родителите и наставниците, учествуваат во различни манифестации од натпреварувачки и културен карактер. Угледот и имиџот на училиштето го подигнуваат и медиумите каде се известува за разновидни активности што се случуваатво истото.

Училиштето става голем акцент на постигањата на сите ученици. Наставниот кадар успешно ја организира средината за учење со поставување јасни и високи очекувања во однос на постигањата, редовноста и дисциплината на учениците. Учениците исто така имаат големи очекувања од самите себе и од другите, имаат аспирации за повисоки постигања на ниво на училиште. Наставниот кадар успешно го користи пофалувањето како начин на мотивирање. Нашето училиште води политика за поттикнување на наставниот кадар и учениците да учествуваат и постигнуваат успех на натпревари на локално, регионално и национално ниво. Училиштето дава голем поттик за напредување на сите ученици и нивно промовирање во различни области, како што се ликовни и литературни конкурси, еколошки хепенинзи и други манифестации на кои нашите ученици се промовираат себеси како и нашето училиште. Името на нашето училиште е гордост за сите вработени наставници и ученици, а тоа се согледува преку желбата за учество на натпревари, добивање награди од повеќе области од училишниот живот, се со цел да се задржи рејтингот на училиштето кој е голем.

**Со какви воннаставни активности се афирмирате?**

Училиштето планира и реализира воннаставни активности кои ги одразуваат и задоволуваат потребите и интересите на учениците и кои го поддржуваат нивниот личен и социјален развој. - Учениците со помош на наставниците се вклучени во проекти и воннаставни активности

(културни и спортски), преку кои се промовираат и вреднуваат постигањата на учениците.

**Кога и на кој начин е донесен Кодексот на однесување на училиштето?**

Кодексот на однесување за сите структури во училиштето е донесен на Наставнички совет.

Со почитување на кодексот се обезбедува успешно одвивање на воспитно-образовната работа во училиштето, се подобрува работната дисциплина, безбедноста во училиштето, се заштитува училишниот имот како и имотот на учениците, вработените, родители на ученици и трети лица со што се подобрува угледот на училиштето.

**Кој сѐ учествувал во процесот? Дали се практикува ажурирање на содржината на Кодексот?**

Во процесот на донесување на кодексот учествуваат сите структури во училиштето(ученици, наставници, родители, врботени во училиштето)Колку различните чинители се придржуваат на поставените правила и кои се последиците од непридржување?

**Како би ја опишале генералната клима во училиштето?**

Во нашето училиште генералната клима помеѓу сите структури во него е на многу високо ниво бидејќи училишната клима е срцето и душата на едно училиште. Тоа е битието на училиштето кое ги води учениците, наставниците, училишниот персонал, да го сакаат училиштето и да имаат причина секој ден да бидат во него. Училишната клима се однесува на квалитетот на училиштето што му помага на секој поединец да почувствува лична одговорност, а истовремено и му помага да се почувствува дека припаѓа некаде.

**Како ја проценувата соработката помеѓу кадарот?**

Во училиштето постои професионална соработка помеѓу вработените која придонесува за постоење на добра атмосфера, која се пренесува на родителите и посетителите во училиштето.

Колку, според вас, во училиштето се застапени закани, говор на омраза, провокации, навреди и сл.? Како се постапува по истите?

Во нашето училиште многу малку се застапени закани, говор на омраза, провокации, навреди и сл., а доколку се појават такви случаеви веднаш се реагира најпрво од одделенскиот раководител и педагошко психолошката служба преку советодавни разговори, примери, работилници како и свикување и разговори со родители и ученици.

**Колку средината е поттикнувачка за учениците?**

Во училиштето постои стимулирачка и поттикнувачка средина, која буди интерес за учење. Трудовите на учениците се транспарентни и се изложуваат во училниците и во ходниците од училиштето. Учениците сметаат дека имаат можност да го искажуваат своето мислење и тоа да биде сериозно земено предвид при решавањето проблеми и одлучувањето во паралелката преку работата на одделенската заедница, но и во рамки на самото училиште, преку активностите на Ученичката заедница. На тој начин, учениците преземаат различни одговорности во училиштето (во и вон наставата).

Учениците сметаат дека училиштето, низ организирани форми, поттикнува, мотивира и остварува солидна соработка меѓу учениците и возрасните во училиштето.Учениците заеднички работат на различни проекти, во и надвор од наставата, во групи со различен состав и големина.

Наставниците за учениците водат ученички портфолија во кои се содржани нивните изработки и трудови, тестови, контролни задачи и сл.Некои ученички портфолија се во книжна, а некои во електронска форма.

Ученичките трудови редовно се изложуваат во самите училници или на паноа во главниот хол каде истите се промовираат, но и естетски се уредуваат просториите.

**Каква е работната дисциплина за време и надвор од часовите?**

Работната дисциплина во училиштето за време и надвор од часовите е на високо ниво.

**Како функционира Ученичкиот парламент и Ученикот правобранител?**

Ученичкиот парламент е предвиден со Законот за основно образование и има за цел да ги вклучи учениците во управувањето со училиштето. Работи на седници, кои се одржуваат најмалку еднаш во текот на месецот, освен во месеците кога учениците се на годишен распуст. Од Ученичкиот парламент се избрани двајца претставници кои присуствуаат на седниците на Училишен одбор без право на гласање.

Ученички правобранител е ученичка функција и должност која претставува нов модел на ученичко учество, доста значаен за заштита на детските права во училиштето. За да се обезбеди поголемо вклучување во различни одделенија, во нашето училиште освен ученички правобранител се избираат и (најмалку) двајца негови заменици.

**Какви активности спроведуваат?**

Во однос на улогата и надлежностите според членот 68, став 6 од Законот, ученичкиот парламент:

1) активно учествува во застапување и промовирање на правата и интересите на учениците,

2) го промовира ученичкиот активизам,

3) учествува во активностите за обезбедување врсничка поддршка на учениците со посебни образовни потреби, во реализација на наставатаи вонnаставните активности,

4) учествува во подготовката на годишната програма за работа,

5) дава предлог-активности за годишните програми за екскурзии,

6) дава предлози за воннаставни активности на училиштето,

7) дава предлози за подобрување на ученичкиот стандард,

8) учествува во евалуацијата на работата на училиштето,
9) преку свои претставници учествува во советот на родители и наставничкиот совет
10) организира и учествува во хуманитарни активности, еколошки активности и општествено корисна работа.Понатаму, ученичкиот парламент исто така:
11)ги донесува правилникот за работа на заедницата на паралелките и ученичкиот парламент, годишната програма за работа и други акти изработени од координативното тело на ученичкиот парламент;
12) активно учествува во процесот на планирање на развојот на училиштето;
13) го промовира ученичкиот активизам преку едукативни содржини, тркалезни маси, дискусии, дебати, истражувања, хуманитарни и еколошки акции, културни и спортски манифестации;
14) поднесува иницијативи и барања до училишните органи за подобрување на пристапот и квалитетот на образование во училишната установа;
15) соработува со институциите и другите организации што работат со младите;
16) промовира отчетност и транспарентност пред сите ученици преку јавно информирање за своите активности.

Задачата на ученичкиот правобранител за промовирање на детските права се реализира преку промотивни активности (едукативни работилници, дебати, инфоденови итн.) Втората задача на ученичкиот правобранител и неговите заменици е поддршка за заштита на детските права и информирање на учениците во училиштето. Ученичкиот правобранител препознава прекршување на детските права и прибира поплаки од учениците, кои понатаму ги доставува до стручната служба на натамошно решавање.

**Колку ученичкиот парламент се поканува и присуствува на состаноците на Училишниот одбор, Наставничкиот совет и Советот на родители?**

На состаноците на Училишниот одбор се повикуваат почесто претставниците на ученичкиот парламент и ученичкиот правобранител, додека на состаноците на Наставничкиот совет и Советот на родители поретко.

Ученичкиот парламент има поддршка од страна на наставниците и директорот, односно преку заедничка соработка се работи за подобрување на училишната средина.

**Колку учениците се обраќаат до Ученичкиот правобранител и за кои теми?**

Учениците се обраќаат до Ученичкиот правобранител доколку е прекршено некое нивно право.

**Како училиштето ја поттикнува соработката со родителите?**

Соработка на училиштето со родителите е перманентна, транспарентна и јавна. Родителите се поттикнуваат да се вклучат во образованието на

своите деца и редовно се консултираат при донесување на Годишната програма за работа на училиштето, но и за сите други проблематики кои се од интерес на нивните деца. Соработката на училиштето со родителите се остварува преку повеќе форми: индивидуални средби, задолжителни родителски средби, отворен ден за соработка, вклучување на членови во Советот на родители, со членување во Училишен одбор и друго. За родителите и другите надворешни соработници има приемен ден за посета, разговор, односно соработка со одделенскиот раководител, предметните наставници, психологот, педагогот, директорот и секогаш се води евиденција кои посетители доаѓаат и со каква намера заради безбедноста на учениците.

a. Наведете примери на активности и резултати од истите.
   - Редовни родителски средби
   - Работилници за родители
   - Анкети и прашалници
   - Преку Совет на родители кој има улога во донесување на одлуки поврзани со функционирањето на училиштето
   - Електорнски дневници
   - Советување на родители
   - Предавања на родители

b. Примери на поддржани иницијативи на родителите.

**Како училиштето соработува со заедницата?**

Училиштето има успешна соработка со локалната средина, а целта на оваа соработка е да се стави во педагошка функција се што локалната средина може да понуди за поуспешно остварување на програмските задачи на училиштето, а исто така училиштето да влијае на подигање на културно – образовното ниво на месното население.

Училиштето организира и реализира посебни програми за одбележување на значајни датуми, јубилеи и учество на културни манифестации

a. Наведете примери на активности и резултати од истите.

–Учество на различни манифестации како патронен празник на училиштето,

-Учество по повод одбележување Меѓународниот ден на лицата со попреченост

**Колку често во училиштето се реализираат работилници со теми поврзани со заштита од пушење,алкохол и дрога? Како ги проценувате ефектите?**

Во училиштето има истакнато знаци на видни места за забрана на пушење и често се спроведуваат работилници за превенција од цигари, алкохол и дрога и од стручните служби во училиштето и од надворешни организации како Центар за јавно здравје, Црвен крст, невладини организации и др.

Што презема училиштето за (1) запознавање и почитување на правата на децата? За (2) промовирање еднаков и правичен третман кон сите ученици? За (3) превенција и заштита од насилство?

Стручната служба, наставниците и сите вработени ги знаат и почитуваат правата на децата. Наставниот кадар и стручната служба ги поттикнуваат учениците да ги знаат и практикуваат своите права и ги заштитуваат во случај на нивно нарушување. За време на одделенските часови, преку разни трибини, како и на редовните состаноци на Детската организација и Училишната заедница, се вложуваат огромни напори учениците да се информираат за своите права и обврски.На редовните родителски средби за правата и обврските на децата се информираат и родителите од кои постојано се бара соработка и им се укажува дека дел од учениците не ги извршуваат во целост своите обврски. Училиштето е подготвено да реагира до сите надлежни институции во случај на прекршување на детските права и во согласност на потребите тоа и го прави. Наставниците од I до VIII одделение редовно ги користат содржините од наставните програми за да ги промовираат на суптилен начин еднаквоста и правичноста како вредности кон кои треба да се стремат учениците. Училиштето настојува да има еднаков и правичен третман на своите ученици. Сите тие без оглед на својата национална припадност подеднакво учествуваат во наставните и вонnаставните активности во зависност од своите интереси, афинитети, можности и вештини. Сите ученици, без разлика на возраста, полот, социјалниот статус, етничката припадност, религија, уживаат еднакви права. Вработените во училиштето подеднакво се однесуваат кон сите ученици, какои кон учениците со посебни потреби кои се активно вклучени во наставата, но и во вонnаставните активности и работата со компјутери. Наставниците истовремено и стручно се усовршуваат за работа со деца со посебни потреби. На тој начин, покрај успешната инклузија на учениците со посебни потреби, паралелно се одвива и процес на инклузија - наставници и стручна служба. За учениците со посебни образовни потреби одделенските и предметните наставници изработуваат индивидуални образовни планирања кои се приложени како дел од наставните програми по одделни предмети. Праведноста се создава и со објективно и транспарентно оценување. Успешното оценување на ниво на училиштето се должи и на посетените семинари за формативно и сумативно оценување, етички кодекс при оценувањето, а станардите за оценување наставниците ги приложуваат во рамките на нивните годишни планирања. При реализација на својата програма, стручната служба придонесува учениците да научат да ги препознаваат и да се справуваат со конкретни ситуации поврзани со дискриминација во училиштен контекст. Во училиштето се почитуваат половите разлики, социјалното и културното потекло.

А. Како ги проценувате ефектите од ваквите активности (на пр. Намалување на дискриминација и стереотипизирање, намалување на поплаките на учениците и родителите, вклучување на учениците од маргинализирани/ранливи категории, намалување на случаите на насилство)

**Ефектите се: намалување на дискриминацијата, намалување на навреди и поплаки на учениците, случаите на насилство се намалени.**

**Што презема училиштето за да им помогне на учениците од социјално-загрозени семејства?**

Училиштето има обезбедено секојдневен оброк за овие ученици, се организираат два пати во текот на годината хуманитарни акции во септември(кога се донира училишен прибор) и во декември(се донираат новогодишни пакетчиња). Исто така во соработка со туристичките агенции се обезбедува попуст или гратис патувања и викенди за учениците од социјално загрозените семејствакако и гратиси или попусти за посети на театри, музеи, кина, културно историски споменици и др.

**Како училиштето обезбедува реализација на настава за учениците што поради здравствени причини подолго време отсуствуваат од редовната настава?**

Училиштето обезбедува реализација на настава за учениците што поради здравствени причини подолго време отсуствуваат од редовната

настава. Наставата за овие ученици се реализира во договор со наставникот или онлајн настава со ученикот доколку е во можност да ја следи таа настава.

**Колку учениците се обраќаат до сручната служба во ситуации кога се соочуваат со проблем, се чувствуваат загрижени, тажни, лути и сл.?Дали училиштето спроведува активности за социо-емоционално учење? Дајте пример.**

Учениците секогаш кога имаат потреба се обраќаат до стручната служба во ситуации кога имаат проблем, училиштето спроведува активности за социо емоционално учење кое има за цел да обезбеди подеднаква застапеност на содржини за социо-емоционален развој во училишните програми како што се застапени содржини за развој на когнитивните вештини и писменоста. На децата им се потребни социо-емоционалните способности подеднакво колку и когнитивните бидејќи тие овозможуваат да бидат фокусирани на активностите, да се мотивирани, да соработуваат со наставникот и да се слагаат со другарчињата во одделението. Социјалните и емоционалните способности ја зголемуваат способноста на детето да учи, да работи со другите, да обрнува внимание во училницата и да развива други вештини кои се основа за формално учење и социјална интеракција во училишните години и пошироко.

**Како е организиран процесот на помагање на учениците и нивните родители за избор/продолжување на образованието?**

4 Од страна на стручната служба во училиштето во месец мај се спроведуваат анкети за професионална ориентација на учениците, им се објаснува на учениците во кое средно училиште колку поени се потребни за упис, како да си ги preračунаат поените, се разговара со учениците и со родителите.

5 По претходно барање од средните училишта, им се овозможува директна средба со професори од училиштата кои вршат презентација на своите училишта, со струките и занимањата кои постојат во нив, условите за запишување, можностите за напредување и идно вработување.Училиштето во своите простории овозможува и презентации од страна на средните училишта, дистрибуција на флаери до учениците и родителите, пуштање на ЦД материјал за условите кои ги нудат средните училишта, во соработка со локалните средни училиштаСтручната служба во училиштето работи на професионалното информирање и ориентирање на учениците преку едукација за избор на струка и училиште во кое ќе го продолжат своето средно образование. Исто така за професионалното информирање и ориентирање на учениците од деветто одд. преку организирани заеднички родителски предавања на родителите на учениците од деветто одд., се врши нивноинформирање и запознавање со мрежата на средни училишта кои постојат во градот и во некои други места од државата.

РЕЗУЛТАТИ ОД АНАЛИЗА НА ДОКУМЕНТИ

ПРОТОКОЛ ЗА АНАЛИЗА НА ДОКУМЕНТИ

Протоколот за анализа на документи ни служи да констатираме дали документите постојат во училиштето или не без да навлегуваме во неговата содржина. За таа цел потребно е во табелата даштиклирате кој од документите го има или го нема.

| Докумени | Го има | Го нема |
|---|---|---|
| Кодекс на однесување; | ✓ | |
| Евиденција за изречени педагошки мерки; | ✓ | |
| Статут на училиштето; | ✓ | |
| Куќен ред на училиштето; | ✓ | |
| Пофалби, награди, признанија и др.; | ✓ | |
| Написи за училиштето во национални и локални медиуми и на социјалните мрежи; | ✓ | |
| Решение за формирање ученички парламент и избор на ученик правобранител; | ✓ | |
| Програма и правилник за работа на ученичкиот парламент и ученикот правобранител; | ✓ | |
| Досие на ученички парламент (програма за работа, записници, одлуки, извештаи од реализирани ученички иницијативи). | ✓ | |
| **Документи** | **Го има** | **Го нема** |
| Извештаи од спроведени активности за запознавање со детските права; | ✓ | |
| Записници од активностите на Ученичкиот парламент и ученикот правобранител (на пр. број на претставки и начин на разрешување); | ✓ | |
| Структура на паралелките; | ✓ | |
| Записници од работата на ТУИ-Тимот за училишна интеграција; | | ✓ |
| Дневник за работа на стручните соработници; | ✓ | |
| Оперативен план за наставен час; | ✓ | |
| Записници од наставнички совет; | ✓ | |
| Критериуми за избор на првенец на генерација | ✓ | |
| **Документи** | **ГО ИМА** | **ГО НЕМА** |
| Извештај за работа на училиштето (полугодишен, годишен); | ✓ | |

| | | |
|---|---|---|
| Записници од советот на родители и родителски средби; | ✓ | |

| | | |
|---|---|---|
| Статут на училиштето; интернет-страница на училиштето; | ✓ | |
| Договори и меморандуми за соработка со општината и различни организации/институции; | ✓ | |
| Извештаи од организирани акции, трибини, дебати, предавања со родителите/старателите и со претставниците на локалната заедница; | ✓ | |
| Документација за добиени спонзорства и донации. | ✓ | |
| **Документи** | **ГО ИМА** | **ГО НЕМА** |
| Кодекс на однесување; | ✓ | |
| Куќен ред на училиштето; | ✓ | |
| Набљудување на условите во училиштето; | ✓ | |
| Протокол за превенција и заштита од насилство; | | ✓ |
| Анкети/интервјуа со наставниците, стручните соработиници, родителите/старателите и со учениците; | ✓ | |
| Педагошка евиденција за изречени педагошки мерки; | ✓ | |
| Записници од советувања; | ✓ | |
| Извештај за работа на училиштето (полугодишен, годишен); записници од советот на родители и родителски средби; | ✓ | |
| Анкети и интервјуа со директорот, родителите/старателите, наставниците и со стручните соработници; педагошка евиденција и документација; | ✓ | |
| Организирани трибини, дебати, предавањасо учениците, родителите/старателите и со претставниците на локалната заедница за теми поврзани со: ментално здравје, социо-емоционални вештини, здраво живеење и сл.; | ✓ | |
| Записници од спроведените активности за професионална ориентација. | ✓ | |

## Подрачје 4: Управување, раководење и креирање политики

| **Индикатори за подрачјето:** |
| --- |
| **4.1 Управување и раководење со училиштето**<br>**4.2 Цели и креирање на училишната политика** |

**Самоевалуација на училиштето:** Основно училиште со ресурсен центар “Кочо Рацин” – Битола

**Подрачје 4: Управување, раководење и креирање политики**

| **Собирање податоци** | | |
|---|---|---|
| **Индикатор 4.1 Управување и раководење со училиштето** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| **-Статут на ОУРЦ**<br><br>**- Деловник за работа на УО**<br><br>**- Записници, одлуки , извештаи од работата на УО**<br><br>**- Самоевалуација и план за развој на ОУРЦ** | Управување со училиштето | Училишниот Одбор (УО) на ОУРЦ “Кочо Рацин”-Битола е конституиран во согласност со позитивните законски прописи и статутот на училиштето. УО има изготвено програма за работа и усвоено свој деловник на работа. Состаноците ги одржува со мнозинство на членови на УО, при што се обезбедуваат детални и сеопфатни и редовни информации за својата работа и работата на другите субјекти кои се вклучени во воспитно образовниот процес. УО и Органот на раководење на ОУРЦ се во тесна соработка за решавање на сите проблеми кои идат во текот на функционирањето на институцијата. УО исто така е во тесна корелација со наставно- воспитниот персонал во институцијата. |

| | | |
|---|---|---|
| **- Програма за работа на директорот**<br><br>**- Програма за професионален развој на директорот**<br>**- Интервју со УО**<br><br><br>**- Интервјуа со наставници, родители и ученици**<br><br>**- Годишна програма за работа на ОУРЦ Кочо Рацин – Битола** | Раководење со училиштето | Органот на раководење работи врз основа на статутот на ОУРЦ и програмата за работа на директорот. Во своите активности врши распределба на наставниците врз основа на нивните индивидуални способности ја потикнува тимската работа , донесува одлуки во консултација со органот на управување. Со својот личен однос кон работата кој се потпира врз стекнатите најнови знаења и вештини го потикнува развојот на ОУРЦ. Директорот е и во тесна врска со сите основни училишта каде што има вработени образовни асистенти и е во постојана корелација со истите. Соработката не се задржува само во рамките на нашата држава туку таа е проширена и на меѓународно ниво и помага во развојот на работата со слушно оштетените деца, децата со други проблеми во развојот и пратење на најсовремените методи на работа со оваа популација.Воспоставени се блиски продуктивни и непосредни партнерства со непосредната (локална), пошироката (државна) заедница и со институции надвор од нашата држава (меѓународна соработка). Во своето раководење претпочита тимска работа во која се вклучени сите вработени за креирање на правилна развојна политика на училиштето. |

| | | |
|---|---|---|
| **- Самоевалуација**<br>**- Развоен план на училиштето**<br><br>**- Акциони планови**<br>**- Анкета:**<br>**директор**<br>**наставници**<br>**родители**<br>**ученици**<br><br>**- Записници од УО**<br><br>**-Совет на родители**<br><br>**- Активи**<br>**-Наставнички совет** | Управување и раководење со ресурсите | Директорот делегира, комуницира и раководи со вработените. Раководниот орган гради политика на здрава училишна клима. Позитивно ги оценува квалитетите на вработените и нивниот придонес во нивната работа, индивидуална и тимска работа<br><br>Како установа од овој вид за основно образование на децата со оштетен слух и други проблеми во развојот, ОУРЦ има кадровски капацитет да излезе во пресрет и да го прати развојот и едукацијата на децата кои се инклудирани во редовните училишта, помагајќи во целокупниот образовен процес, обезбедува образовни асистенти пратејќи ја состојбата и давање на поддршка во изготвувањето на индивидуални програми за тие деца и нивните родители /старатели.<br><br>ОУРЦ располага со материјално технички средства кои постојано се осовременуваат и се набавуваат нови, бидејќи претставуваат неопходност во третманот на слушно оштетените деца и децата со други развојни проблеми. Училиштето постојано бара донации со кои го подобрува животот и работата на своите штитеници. Неопходни се индивидуални слушни апарати, апаратури за индивидуален третман, компјутери, видео бим, камери за пратење на индивидуалниот третман, СМАРТ табли, Е-ФУН смарт табли и др.<br>Сите просторни капацитети се максимално искористени низ секојдневната успешна работа на секој вработен одделно и на училиштето како целина. Материјално-техничките услови ги задоволуваат потребите за нормално изведување на воспитно-образовниот процес. Наставата и индивидуалните третмани за едукација и рехабилитација се изведуваат во училници, кабинети и простории за изведување специјализирани услуги и индивидуален третман, едукација и рехабилитација за поддршка на учениците кои се соодветно опремени со материјално-технички и наставни средства по определени предмети. |

| | | |
|---|---|---|
| | Раководење со кадарот | Раководниот орган го заснова своето работење преку вклучување на вработените во процес на развој на политики, планирање и обезбедување квалитет. Соработката и размената на идеи, како и решавањето проблеми, се одвиваат преку состаноци на: одделенски совети, наставнички совети, совет на родители, училишен одбор, ученички парламент, а и преку индивидуални разговори.<br><br>За сите одлуки родителите се информирани преку советот на родители, преку родителските и индивидуални средби, средби со стручните соработници, а учениците се известуваат преку усни соопштенија и од страна на наставниците дефектолози/ одделенски раководители и соопштенија на огласна табла.<br><br>Родителите се вклучени во секој сегмент од работата на училиштето. Имаат можност да даваат предлози, сугестии, мислења во однос на напредокот на училиштето и подобрување на условите во него.<br><br>ОУРЦ води постојана грижа и политика за стручно усовршување на стручниот кадар. На почетокот на секоја учебна година се изработува програма за професионален развој на училиштето,а исто така и секој наставник си изработува личен план за професионален развој за тековната година. На крајот на учебната година се изработуваат извештаи за реализирани планирања од годишниот план за професионален развој на училиштето како и извештаи за личните планови на наставниците. Дел од вработените продолжуваат со својата надградба те.посетуваат постдипломски студии на Институтот за специјална едукација и рехабилитација во Скопје. |

| | | |
|---|---|---|
| | Следење и унапредување на наставниот процес | Процесот на едукација и рехабилитација во ОУРЦ ,,Кочо Рацин" има за цел квалитетен третман и образование на оваа категорија на деца при што целите се во согласност со образовната политика на државата и се прецизирани и со законите кои се однесуваат на регулирање на наставниот процес во ваквите посебни институции. Во остварувањето на целите ОУРЦ покрај позитивните законски прописи и статутот на ОУРЦ ја вклучува и работата на субјектите кои се вклучени во воспитно образовниот процеси и се во корелација за совладување на истите. Со развојот на наставните процеси, но пред се со развојот и размената на дефектолошката пракса дефинирањето на целите се дооформува, надградува и ревидира. |
| **Индикатор 4.2Цели и креирање на училишната политика** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| **Годишна прогрма за работа на ОУРЦ Кочо Рацин - Битола**<br><br>**- Самоевалуација**<br><br>**- Развоен план на училиштето**<br><br>**- Акциони планови**<br><br>**- интервјуа**<br><br>**- Записници**<br><br>**- план за професионален развој**<br><br>**- извештај од интерна евалуација** | Процедури за креирање на училишната политика | Мисијата и визијата на училиштето се јасно, прецизно и соодветно дефинирани. Тие се во согласност со целите на државната и на локалната образовна политика и се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата и подобрување на постигањата на сите ученици. Вработените, родителите и учениците активно учествуваат во креирањето на мисијата и визијата, на целите, начелата и вредностите на училиштето и се информирани со начинот на нивно остварување и подобрување. Училиштето промовира инклузивност, рамноправност и интеркултурност, во безбедна, позитивна и стимулативна средина за учење каде сите се еднакви, вклучени и стекнуваат компетенции за понатамошно унапредување и потврдување. Во процесот за обликување и креирање на училишната политика активно учествуваат наставниците, родителите и учениците и сето тоа е во насока на остварување на мисијата и визијата на нашето училиште. Политиката на училиштето како збир на сите посебни политики постојано се истражува, надополнува и надградува низ интеракцијата помеѓу директорот, наставниците, стручната служба, персоналот, учениците, родителите и надворешното опкружување, секако во согласност со промените на законската регулатива |

| | | |
|---|---|---|
| **- пописни листи**<br><br>**- финансиски план на училиштето,**<br><br>**- увид во опремата**<br><br>**- Увид во инфраструктура**<br><br>**- апликации за обезбедување на средстава** | Резултати од развојно планирање | Цели на развојното планирање<br><br>Планирањето се базира врз основа на податоците добиени од самоевалуацијата реализирана од страна на Комисијата за самоевалуација и интерна SWOT анализа на актуелната состојба во училиштето при што се идентификуваа приоритетите за унапредување на училиштето, односно унапредување на условите за воспитно- образовниот процес во училиштето.<br><br>ОУРЦ ,,Кочо Рацин" има акциски планови во насока на квалитетен третман и образование на оваа категорија на деца при што тие се определени со целите, потребите и можностите.<br><br>Поради усогласување на нормите и стандардите со Европската унија е редефинирана дејноста со проширување за работа со деца со други проблеми во развојот како и деца вклучени во редовни основни училишта и насловот на институцијата во ОУРЦ ,,Кочо Рацин" Битола.<br><br>Професионален развој<br><br>ОУРЦ води постојана грижа и политика за стручно усовршување на стручниот кадар. На почетокот на секоја учебна година се изработува програма за професионален развој на училиштето,а исто така и секој наставник си изработува личен план за професионален развој за тековната година. На крајот на учебната година се изработуваат извештаи за реализирани планирања од годишниот план за професионален развој на училиштето како и извештаи за личните планови на наставниците. Некои од вработените продолжуваат на постдипломски студии на Институтот за специјална едукација и рехабилитација во Скопје. |

| | |
|---|---|
| | Инфраструктура<br>Во таа цел се реновирани и направени неколку работи: поставување на мрежен кабелски интернет во сите училници, уреден е просторот-влезот Монтесори кабинет, реновиран е делот во спортската сала кај што имаше влага, уредена е занималната за деца кај негователите, поставени се клими за топлење/ладење во наставничката канцеларија, прилагодување WC кабини за телесно инвалидни деца.Во училишниот дел е саниран одводот во тоалетите и спуштени се таваните. |
| Планирање и управување со училишниот буџет | Целокупната работа во училиштето вклучувајќи го и финансиското работење се планира со Годишната програма на училиштето.Училиштето изготвува Годишен финансиски план, согласно потребите на училиштето и истиот ги опфаќа планираните приходи кои се потребни за одвивање на работењето на училиштето.Изготвениот годишен финансиски план се презентира на ниво на УО и откако ќе се усвои се доставува до МОН-финансиска служба.Побараните средства училиштето ги добива од буџетот на РСМ на жиро сметката на училиштето и истите се употребуваат исклучиво за онаа цел за која се наменети.Контрола на реализација на финансискиот план се врши преку годишниот финансов извештај ко се усвојува на Наставничкиот совет и УО.Директорот донесува Годишен план за јавни набавки, согласно средствата наменети за потребите на училиштето, а Комисијата за јавни набавки е задолжена за спроведување на истиот. |

**Подрачје 4: Управување, раководење и креирање политики**

| **Опис/резиме на подрачјето**<br><br>ОУРЦ „Кочо Рацин" има акциски планови во насока на квалитетен третман и образование на оваа категорија на деца при што тие се определени со целите, потребите и можностите. Поради усогласување на нормите и стандардите со Европската унија е редефинирана дејноста со проширување за работа со деца со други проблеми во развојот како и деца вклучени во редовни основни училишта и насловот на институцијата во ОУРЦ „Кочо Рацин" Битола. |
|---|
| Силни страни<br><br>• Координираност во работењето и управувањето помеѓу УО и Раководниот орган<br>• Примена на современи методи во работата<br>• Давање на образовна асистенција во редовните училишта со цел подобрување на инклузијата<br>• Давање на поддршка во редовните училишта преку индивидуални третмани преку препорака на МКФ<br>• Размена на искуства на интернационално ниво<br>• Комуникација на локално , државно и меѓународно ниво<br>• Екипираност со високо образовен и искусен стручен кадар<br>• Вклученост во повеќе проекти за подобрување на инфраструктурата<br>• Вклученост во повеќе проекти за унапредување на образованието и социјалната инклузија на учениците<br>• Подобрена инфрастуктура за пристапен приод на деца со посебни потреби |
| Слаби страни<br><br>- Местоположбата<br>- Дел од инфраструктурата која не е реновирана<br>- Оградување на училишниот двор<br>- Изработка на проект и реализација на Сензорен двор<br>- Изработка на проект за прилагодување на поткровјето за потребите на Училиштето<br>- Менување на електричната инсталација за безбедност и заштеда на енергија<br>- Лифт |

**Приоритети**

**-Обуки за професионален развој (**сензорна соба, за монтесори педагогија, психомоторна реедукација, биофидбек терапија и рана интервенција)

**-Соработка, размена на искуства и добри практики (локално, регионално, меѓународно)**

**- Набавка на ИТ опрема, наставно-нагледни средства, инвентар и други материјали за поддршка на учењето на учениците**

**-Поддршка на учениците со ПОП (образовна асистенција)**

-Соработка со соодветни институции одговорни за спроведување на инклузијата во и надвор од РСМ

- Опфаќање на деца со попречености од предучилишна возраст, ран третман и рехабилитација

-Унапредување на постигнувањата на учениците со посебни потреби

-Обуки за сензорна соба, за монтесори педагогија, психомоторна реедукација, биофидбек терапија и рана интервенција

-Унапредување и проширување на соработката со ООУ, градинките, локалната заедница согласно документот за реонизација

-Унапредување на работата на образовните асистенти во склоп на инклузивното образование

- Обезбедување и вклучување на специјален едукатор и рехабилитатор од ресурсниот центар во сите инклузивни тимови во училиштата и центрите за поддршка од нашиот регион

-да се усогласат целите дадени од МКФ со реализација на модифициранаата програма по развојни периоди

Анкета за родители/старатели

Подрачје 1: Анкетирани се 24 родители

| | *Целосно се согласувам* | *Се согласувам* | *Не се согласувам* | *Целосно несе согласувам* | *Не знам/Немам информација* |
|---|---|---|---|---|---|
| Во текот на учебната година, моето дете ги има сите наставни часови, согласно распоредот | 100% | | | | |
| Запознаен/а сум со со листата на изборни / слободни изборни предмети и активности | 50% | 50% | | | |
| Изборните предмети / активности кои ги посетува моето дете ги има избрано согласно своите интереси | 25% | 75% | | | |
| Наставниците ги прилагодуваат задачите и активностите на индивидуалните потреби на моето дете | 75% | 25% | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Моето дете слободно може да се изрази за време на часовите | 75% | 25% | | | |
| На моето дете повеќето часови му се интересни | | 100% | | | |
| Моето дете било вклучено во активност/и реализирана со ученици кои учат на различни јазици | | 75% | 25% | | |
| Училиштето го чувствувам како безбедна средина за моето дете | 50% | 25% | 25% | | |
| Училиштето го чувствувам како мотивирачка средина за моето дете | | 100% | | | |
| Моето дете во училиштато има пристап до различни материјали за учење (на пр. енциклопедии, списанија, интернет, модели) | 25% | 75% | | | |
| Наставниците го пофалуваат моето дете за постигнатите резултати | 75% | 25% | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Наставниците го пофалуваат моето дете за вложениот труд | 50% | 50% | | | |
| | Наставниците му даваат насоки на моето дете како подобро да учи | 75% | 25% | | | |
| | Редовно сум известен/а за постигнувањата на моето дете на училиште (не само на полугодие и крај на година) | 100% | | | | |
| | Ги користам можностите да разговарам со наставниците за постигањата на моето дете | 100% | | | | |
| | Наставниците ме запознаваат со критериумите за оценување по нивниот предмет | 75% | 25% | | | |
| | Училиштето нуди избор на различни воннаставни активности (клубови, проекти и сл.) | 25% | 75% | | | |
| | Моето дете е вклучено во воннаставни активности, според сопствениот интерес | 25% | 75% | | | |

Анкета за наставници
Анкетирани се 21 наставник

| | *Целосно сесогласувам* | *Се согласувам* | *Не се согласувам* | *Целосно несе согласувам* | *Не знам/Немам информација* |
|---|---|---|---|---|---|
| Добивам навремена обука за примена на современи методи и техники на планирање на наставата. | | 86% | 14% | | |
| Директорот и стручната служба ги следат моите планирања најмалку два пати во полугодието. | 29% | 71% | | | |
| Добивам поддршка од директорот и/или стручната служба при изготвување на планирање за мојот наставен предмет/предмети | 29% | 57% | 14% | | |
| Во рамки на стручните активи разменуваме искуства за планирањата на часовите, најмалку два пати во полугодието | 57% | 43% | | | |
| Задачите и активностите на часовите ги приспособувам на индивидуалните образовни потреби на учениците | 86% | 14% | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Во наставата користам различни ресурси за учење и настава | 86% | 14% | | | |
| Во наставата користам приоди кои поттикнуваат истражување и решавање проблеми | 29% | 71% | | | |
| Ги поттикнувам учениците да поставуваат прашања кога нешто не разбираат или сакаат да знаат повеќе | 29% | 71% | | | |
| На моите часови, учениците честопати работат на начини кои подразбираат интеракција помеѓу нив | 43% | 57% | | | |
| Кон учениците се однесувам со почитување | 86% | 14% | | | |
| Ги разбирам проблемите и потребите на учениците | 86% | 14% | | | |
| Во текот на наставата, учениците можат да бираат дополнителни задачи/активности или задачи/активности по свој избор | 29% | 71% | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Реализирам МИО (интеркултурни) активности со учениците според претходно направен план | 71% | 29% | | | |
| Успешно соработувам со образовните асистенти | 43% | 43% | 14% | | |
| Редовно ги пофалувам учениците за постигнатите резултати | 71% | 29% | | | |
| Редовно ги пофалувам учениците за вложениот труд | 86% | 14% | | | |
| На учениците им кажувам што добро научиле а што треба дополнително да научат за да ги постигнат сопствените очекувања | 71% | 29% | | | |
| Ги запознавам учениците што треба да знаат и умеат за секоја од оценките | 57% | 43% | | | |
| На учениците им давам насоки како поуспешно да учат | 71% | 29% | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Применувам различни начини на оценување на учениците | 86% | 14% | | | |
| Учениците редовно ги вклучувам во оценувањето (самооценување, меѓусебно оценување, градење критериуми и сл.). | 14% | 86% | | | |
| Планот за воннаставни активности кои ги водам, го изготвувам заедно со учениците. | 14% | 86% | | | |

Анкета за ученици

| | *Целосно сесогласувам* | *Се согласувам* | *Не се согласувам* | *Целосно несе согласувам* | *Не знам/Немам информација* |
|---|---|---|---|---|---|
| Информиран/а сум кои активности ги планира училиштето за следниот период. | 20% | 80% | 0 (0%) | 0 (0%) | 0 (0%) |
| Можам да земам книга/лектира од училишната библиотека/медијатека во секое време. | 20% | 70% | 0 (0%) | 0 (0%) | 10% |
| Библиотеката/медијатеката е место каде можам да читам и учам во пријатна атмосфера. | 100% | 0 (0%) | 0 (0%) | 0 (0%) | 0 (0%) |

Резиме (главни наоди) од интервјуа со директор/стручна служба
Подрачје 4:

Резиме (главни наоди) од фокус групи
Подрачје 4: /

Наоди од набљудување часови
Подрачје 4: /

Наоди од други видови набљудувања
Подрачје 4: /

**Методи кои се користени за собирање податоци и обработени информации**

(се внесуваат обработени резултати од анкетите со сите чинители **(% на одговори по прашања на анкетните прашалници**), резимеа од квалитативна анализа што се однесува на наменско набљудување, анализа на одговорите од интервјуата и дискусиите во фокус групите)

| |
|---|
| Анкета за родители/старатели |
| Анкета за наставници |
| Анкета за ученици |
| Резиме (главни наоди) од интервјуа со директор/стручна служба |
| Резиме (главни наоди) од фокус групи |
| Наоди од набљудување часови |
| Наоди од други видови набљудувања |

**ИЗВЕШТАЈ**

од самоевалуација на Основно училиште со ресурсен центар “Кочо Рацин” – Битола

период 2022-2024 година

Врз основа на Законот за основното образование(„Службен весник на РСМ“ бр. 161/19 и 229/20) Основно Училиште со Ресурсен Центар “Кочо Рацин” - Битола изврши самоевалуација на работата на училиштето за период од 2022 до 2024 година.

За таа цел, на предлог на директорот на училиштето, Училишниот одбор на својата седница одржана на _____________ година формираше комисија за спроведување на самоевалуацијата во следниот состав:

Самоевалуацијата беше спроведена во периодот септември/октомври 2024година. За нејзино успешно спроведување, Комисијата обезбеди активно учество на целиот воспитно-образовен кадар во процесот, со тоа што беа формирани 4 тима за 4 клучни подрачја во чии рамки се вршеше самоевалуацијата, односно:

| Подрачје | Членови на тимот |
|---|---|
| 1.Планирање, настава и учење | 1.Тесалија Жирова<br>2.Мимоза Ставревска<br>3.Татјана Димитриевска<br>4. Ева Крстевска |
| 2.Постигања на учениците | 1.Марија Наумовска<br>2. Тони Чавдаровски<br>3.Весна Димовска<br>4.Лидија Ничков |
| 3.Училишна клима и односи во училиштето | 1. Марина Тодевска<br>2.Марија Лазароска<br>3.Маја Ташковска<br>4.Мери Несторовска |
| 4.Управување и раководење | 1. Марија Митревска<br>2. Константина Петреска |

| | |
|---|---|
| | 3. Оливера Филиповска<br>4. Емилија Трампевска |

Тимовите спроведоа анкети, интервјуа, извршија увид во потребната документација и изворите, врз основа на што ги обезбедија сите потребни податоци и материјали, според кои дадоа описи на постигнатоста на индикаторите во рамките на своето подрачје. Секој тим за своето подрачје направи опис/резиме на подрачјето, ги издвои силните и слабите страни и предложи приоритети, врз основа на кои понатаму ќе се темели изготвувањето/реализацијата на Развојната програма на училиштето.

По завршената работа, секој тим ја достави целосната документација од самоевалуацијата до Комисијата, која повторно ги разгледа сите документи и ги оформи во една целина.

Со цел да се обезбеди транспарентност на процесот, на седницата на Наставничкиот совет одржана на 06.11.2024 година секој тим ги образложи резултатите од својата работа, силните и слабите страни, како и предложените приоритети. Наставничкиот совет воедно дискутираше и се договараше во однос на тоа кои приоритети треба да бидат клучни за изготвување/реализација на стратешките и развојните цели во Развојната програма на училиштето.

Во овој извештај ќе го презентираме описот/ резимето, силните страни, слабите страни и приоритетите во однос на секое подрачје.

| **Подрачје 1: Планирање, настава и учење** |
|---|
| **Опис/резиме на подрачјето**<br>Училиштето целосно ги планира и реализира наставните планови и програми одобрени од МОН.<br>Во нив има одредени разлики кои произлегуваат од специфичноста во работатасо учениците.Тие се редуцирани и адекватно се прилагодени кон потребите, можностите и способностите на учениците со оштетенслух, говор, глас и други проблеми во развојот.<br>Во Основното училиште со ресурсен центар „ Кочо Рацин” - Битола има пропишани приоди за планирање и утврдени процедури за поддршка и следење на планирањето на наставата од страна на директорот, стручната служба и лица назначени од стручните органи. Пропишаните приоди за планирање и наставните планови и програми се добиваат од Бирото за развој на образование, кои потоа се разгледуваат на состаноците на стручните активи на одделенска и предметна настава и се прилагодуваат од страна на секој наставник според индивидуалните способности и можностина учениците. |

Во училишниот инклузивен тим, во основните училишта, нашите наставници-специјални едукатори и рехабилитатори учествуваат при изработката на ИОП и модифицирана програма.
Учениците инклудирани во редовните паралелки, дел од модифицираната настава ја следат во редовното училиште, а дел во ОУРЦ Кочо Рацин Битола.
Истото тоа важи и за учениците кои според МКФ, своето образование го следат по модифицирана наставна програма во домашни услови, а истата ја реализираат нашите специјални едукатори и рехабилитатори.
Во ОУРЦ постојат училници за учениците од одделенска настава, кабинети по сите предмети за учениците од предметна настава, кабинети за индивидуални третмани (логопедски кабинет, кабинет за слушни и говорни вежби, тифлолошки кабинет, психолошки кабинет, биофидбек кабинет, кабинет за сензорна интеграција, Монтесори кабинет, кабинет за психомоторна реедукација, кабинет за асистивна технологија, кабинет за алтернативна и аугментативна комуникација), спортска сала, занималназа слободното време на учениците.
Атмосферата за учење во ОУРЦ е оптимална поради постоењето на горе наведените просторни услови, а наставата е така организирана за да можат учениците активно да учествуваат според своите можности и способности и да ги остварат предвидените цели на наставата.

**Силни страни**

- Наставата ја реализира соодветен стручен кадар;
- Наставникот како главен фактор во спроведувањето и реализирањето на содржините подготвени од БРО;
- учество во училишните и ученичките инклузивни тимови во редовните основни училишта,
- Помош и поддршка од страна на образовните асистенти и целиот наставно-дефектолошки кадар за секое дете со ПОП во редовниот наставно-образовен процес,
- Помош и стручна поддршка на наставниот кадар во редовното образование
- Користење на асистивна технологија
- Користење на стручни методи соодветни за лицата со попреченост,
- форми и техники на учење;
- Училиштето има капацитети да ги приспособува наставните програми по сите предмети, според можностите на децата со посебни образовни потреби.
- Одличната дефектолошка и образовна подготвеност на наставаниот кадар;
- Еднаков третман на сите ученици без разлика на пол,етничка припадност и социјален статус
- Активно учество на учениците во воннаставните активности;
- Навремено информирање на родителите за постигнатот успех;
- Подготвеност на стручниот кадар да се вклучи во секој нов проект и да ги применува позитивните искуствата;
- Добрата опременост на дел од кабинетите;
- Интерни обука преку работилници и отворени часови;

- Можност за користење на ИКТ и иновативна асистивна технологија;
- Постоење на спортска сала и голем дворен простор со спортски терени (кошарка , фудбал, ракомет);
- Менторство на наставниците – приправници, образовни асистенти;
- Ангажирање на образовни асистенти во редовните училишта во Југо – западен и Пелагониски регион каде што наставата ја следат ученици со ПОП;
- Адекватни училиници, заеднички простории, современо опремени кабинети за индивидуални третмани(логопедски кабинет, кабинет за слушни и говорни вежби, тифлолошки кабинет, психолошки кабинет, биофидбек кабинет, кабинет за сензорна интеграција,Монтесори кабинет, кабинет за психомоторна реедукација, кабинет за асистивна технологија, кабинет за алтернативна и аугментативна комуникација );
- Работа со ученици од редовните училишта кои имаат препорачани услуги во ОУРЦ „ КочоРацин " одстрананастручнототело МКФ;
- Настава по модифицирана програма за ученици со ПОП од редовните училишта;
- Настава по модифицирана програма за ученици со ПОП од редовните училишта во домашни услови.

**Слаби страни**

- Наставниот план и програма по новата концепција не се соодветни и прилагодени спрема индивидуалните можности и способности на учениците со ПОП;
- Модифицираната програма нетреба да се изработува со прилагодување на сите предмети според способностите на децата со ПОП (за потешките попречености), посебно во предметна настава, туку треба да се изработува по развојни подрачја согласно способностите на детето. Проблемот е што овие деца дел од модифицираната програма ја следат во основните училишта каде мора да присуствуваат на часовите по предмети, а тоа воопшто не е во согласност со нивните способности. За овие деца неопходно е целата модифицирана програма да се следи во ОУРЦ. Но, за ова се потребни Законски измени, правилници итн.
- Наставниот план и програма се обемни и тешки за следење и усвојување;
- недостаток на компјутер за секое дете, дидактички материјали и нагледни средства;
- Новата концепција е несоодветна, се додава нов предмет музичко образование, иако содржините се реализираат преку предметот музички стимулации и ритмички вежби;
- Недостасуваат учебници за поквалитетно реализирање на наставата;
- Недостаток од прирачници и литература за работа со деца со посебни образовни потреби;
- Недоволен библиотечен фонд;
- Недостаток на асистивна технологија за деца со оштетен вид;
- Организирање на обуки од аспект на специјалната едукација и рехабилитација за ученици со ПОП за професионално усовршување на стручниот кадар, со цел размена на искуства и информации при планирањето на наставата, учењето и третманите кај учениците со ПОП.
- Немање на соодветни планови, програми, учебници и прирачници за работа за ученици со ПОП според Новата концепција за основно образование;
- Несоодветен начин на оценување на ученици со ПОП според Новата концепција за основно образование и Националните стандарди за

| |
|---|
| оценување;<br>- Недостиг на кабинет за Музико терапија;<br>Недостиг на кабинет за Физикална терапија;<br>- Недостигнаструченкадар – физиотерапевт; |
| **Приоритети**<br><br>- Прилагодување на наставниот план и програма според индивидуалните можности и способности на учениците со ПОП;<br>- Повторно запишување на ученици со ПОП во ОУРЦ „Кочо Рацин“ Битола;<br>- Креирање на средина за учење која ќе ги задоволи потребите на учениците со различни развојни проблеми (ставање акцент на тоа што поголем дел од времето за настава да биде реализиран во природа кога дозволуваат временските услови);<br>- Интензивирање на соработката со надворешната средина каде што спаѓаат редовни училишта, институции од градот, државата и пошироко преку различни вонnаставни активности и активности за насочување на нивната професионална ориентација, активности за меѓуетничка интеграција во образованието и активности за инклузија.<br>- Интензивирање на соработка со родителите преку нивно вклучување во и вонnаставниот процес.<br>- Вклучување на специјалните едукатори и рехабилитатори во работните групи на БРО при изработка на наставните планови и програми;<br>- Поттикнување на сопствениот професионален развој на наставниот кадар преку обезбедување на обуки за наставниците и стручните соработници за работа според современи методи и техники за деца со ПОП за кои би била спроведувана и дисеминација.<br>- Вклучување на специјалните едукатори и рехабилитатори во изготвување на учебници и помагала за ученици со ПОП во согласност со Наставните планови и програми;<br>- Учество на Стручниот кадар во проекти во и надвор од државата;<br>- Опремување на кабинетите со иновативни нагледни средства и технички помагала за поуспешна реализација на едукацијата и рехабилитацијата на учениците со ПОП;<br>- Прилагодување и симплифицирање на НПП.<br>- Намалување на теоретскиот дел, со поголем акцент на вежби и практична примена на реализираната содржина;<br>- Слобода на наставникот во поглед на прилагодување и модифицирање на наставната содржина, со цел идентификување на индивидуалните потреби и способности на учениците и давање можност на учениците со ПОП да ги постигнат планираните цели.<br>- Прилагодување на наставата по модифицирана програма според видот на попреченост на ученикот и по нивоа (развојни подрачја), а не по наставни предмети;<br>- Дополнителна асистивна технологија за поддршка на инклузивниот процес во наставата. |

| Подрачје 2: Постигања на учениците |
|---|
| **Опис/резиме на подрачјето** ОУРЦ „Кочо Рацин„ опфаќа ученици со пречки во развојот на ниво на РСМ и за таа цел презема различни активности (посети на семејствата, кампањи, соработка со надлежните институции, локалната самоуправа...)<br><br>Училиштето систематски ја следи редовноста на учениците како со физичко присуство , ги анализира причините за отсуство од наставата и навреме превзема конкретни педагошки мерки.Училиштето реализира соработка и советувањата на родителите за што води уредна документација, известува надлежни институции, врши анализи на резултатите од советувањето и се следи подобрувањето на редовноста.<br><br>Училиштето континуирано го следи осипувањето на учениците (според полот, одделение/паралелка и етничката припадност) ги анализира причините и во соработка со локалната самоуправа и родителите, навреме презема конкретни активности.<br><br>Училиштето ја почитува постапката за премин на ученици од едно училиште во друго и притоа во другото училиште ги доставува потребните информации за образовниот развој на ученикот. |
| **Силни страни**<br><br>• Високообразован, компетентен и стручен наставен кадар, соодветноспособен за квалитетна работа<br><br>• со ученици со пречки во развојот;<br><br>• Одделенските раководители и наставниците водат редовна педагошка евиденција која овозможува<br><br>континуирано следење на индивидуалните постигнувања на учениците со пречки во развојот<br><br>• Можност за ран третман<br><br>• Родителите се навремено информирани за постигањата на нивните деца<br><br>• Училиштето континуирано презема конкретни активности за постојано подобрување на индивидуалните |

| |
|---|
| постигнувања<br>• Училиштето систематски ја следи редовноста на учениците, ги анализира причините за отсуство од наставата и презема активности за зголемување на редовноста |
| **Слаби страни**<br>• Послаб успех кај ученици кои се инклудирани<br>• Нецелосна опфатеност на ученици со пречки во развојот во образовниот систем на РСМ<br>• Немање на учебници за оваа категорија на ученици<br>• Наставниците немаат директно влијание врз изработката на наставните планови и програми за ученицисо пречки во развојот |
| **Приоритети**<br>-Информирање на родителите на ученици со пречки во развојот за значењето на ран опфат со третман и рехабилитација на детето и воопшто за развојот на детето со ПОП преку советодавни и информативни разговори со соодветни стручни лица<br>-Изработка на соодветни учебници и наставни помагала и нагледни средства за деца со посебни потреби<br>- Набавување на асистивна технологија за потребите во сите кабинети<br>- Вклучување на наставниците во изработка на наставни програми за ученици со пречки во развојот и ИОП<br>-Соработка со соодветни институции одговорни за спроведување на инклузијата во РСМ<br>- Обезбедување и вклучување на специјален едукатор и рехабилитатор од ресурсниот центар во сите инклузивни тимови во училиштата и центрите за поддршка од нашиот регион. |

**Подрачје 3: Училишна клима и односи во училиштето**

**Опис/резиме на подрачјето**

Според горенаведеното ОУРЦ “ Кочо Рацин” е препознатливо во локалната средина и надвор од неа со своето долгогодишно постоење.

- Училиштето има кодекс на однесување, во кој се поставени принципите и правилата на однесување во училиштето на сите структури.
- Во ОУРЦ “ Кочо Рацин” постои заемно почитување и вклученост во активностите кои се изведуваат.
- Училиштето има куќен ред, кој го почитуваат учениците и вработените. Постои работна атмосфера за време на наставата и воннаставните активности.
- Вработените во училиштето ги познаваат и почитуваат правата на децата.
- Училиштето промовира еднаков и правичен третман кон сите ученици.
- Установата подеднакво ги вклучува сите ученици во училишните воннаставни активности.
- Соработката со родителите се остварува преку нивно запознавање со наставниот план и програма, индивидуалните третмани, вклучување во проекти, како и преку едукативни и информативни предавања, индивидуални средби и родителски состаноци на кои се разгледуваат прашања од интерес на напредокот на нивните деца.
- Соработката со локалната самоуправа е исто така на високо ниво.
- Училишната клима во ОУРЦ “ Кочо Рацин” е на добро ниво. Со добра организација и менаџирање во иднина се стремиме кон подобрување на истата за подобро функционирање на наставниот, стручниот кадар како и техничката служба.
- Се залагаме секој ученик еднакво да е вклучен во наставата и во воннаставните активности. Секој ученик усвојува според неговата можност и способност

Во прилог ги истакнуваме силните и слабите страни на ОУРЦ “ Кочо Рацин”.

**Силни страни**

- Следење и примена на современи трендови на работа со ученици со ПОП;
- Континуиран професионален развој на наставниците вклучени во образовниот процес преку посета на семинари, конференции и обуки во и надвор од државата;
- Индивидуални третмани со учениците запишани во ОУРЦ “ Кочо Рацин” ;
- Настава по модифицирана програма и индивидуални третмани на ученици од редовните училишта;

- Соработка помеѓу наставниците и учениците;
- Соработка со родителите;
- Отвореност за соработка со надворешни лица;
- Соработка со локалната средина;
- Соработка со други училишта;
- Обезбедување на образовни асистенти;
- Соработка со училишта на ниво на држава;
- Соработка со ресурсни центри; Соработка со центри за поддршка;
- Соработка со МКФ;
- Соработка со стручни служби од редовните училишта;
- Советодавни разговори;
- Позитивна клима меѓу наставниците и меѓу учениците;
- Градење социјализација и интеграција кај учениците;
- Почитување на различностите на учениците (мултиетничка установа);
- Мотивирање на учениците преку пофалби и награди;
- Остварување на меѓународна соработка со сродни установи;

**Слаби страни**

- Делумна партиципација на учениците во донесувањето одделни одлуки;
- Соработка со Министерството за труд и социјала т.е. негова партиципација во работата на интернатот и наше законско вклучување во давање помош и поддршка на родителите и децата со ПОП во периодот од раѓање до поаѓање на училиште;
- Соработка со Министерството за здравство т.е. негова партиципација и наше законско вклучување во дијагностиката и пратење на развојот на детето со ПОП од периодот на раѓање односно дијагностицирање на проблемот во развојот;
-

**Приоритети**

- Поголема партиципација на учениците во донесувањето одлуки на ниво на училиштето;
- Потенцирање на воспитната компонента кај учениците;
- Активно учество во промените во Законот за основно образование во делот за деца со ПОП како и во креирањето на политиката на државата во делот за деца со ПОП;

- Остварување поголема соработка и активно учество во здравствените и социјалните институции со цел рано откривање, пратење, помош и поддршка на родителите и децата со ПОП;
- Да се стави акцент на индивидуални третмани кои ги нудиме поради важноста на тој период за развојот на децата;
- Обезбедување на средства за обуки (Сензорна интеграција, Биофидбек, Реедукација на психомоторика) конференции, семинари.

**Подрачје 4: Управување и раководење**

**Опис/резиме**ОУРЦ ,,Кочо Рацин" има акциски планови во насока на квалитетен третман и образование на оваа категорија на деца при што тие се определени со целите, потребите и можностите.Поради усогласување на нормите и стандардите со Европската унија е редефинирана дејноста со проширување за работа со деца со други проблеми во развојот како и деца вклучени во редовни основни училишта и насловот на институцијата во ОУРЦ ,,Кочо Рацин" Битола.

**Силни страни**

- Координираност во работењето и управувањето помеѓу УО и Раководниот орган
- Примена на современи методи во работата
- Давање на образовна асистенција во редовните училишта со цел подобрување на инклузијата
- Давање на поддршка во редовните училишта преку индивидуални третмани преку препорака на МКФ
- Размена на искуства на интернационално ниво
- Комуникација на локално , државно и меѓународно ниво
- Екипираност со високо образовен и искусен стручен кадар
- Вклученост во повеќе проекти за подобрување на инфраструктурата
- Вклученост во повеќе проекти за унапредување на образованието и социјалната инклузија на учениците
- Подобрена инфрастуктура за пристапен приод на деца со посебни потреби

**Слаби страни**

- Местоположбата
- Дел од инфраструктурата која не е реновирана
- Оградување на училишниот двор
- Изработка на проект и реализација на Сензорен двор

- Изработка на проект за прилагодување на поткровјето за потребите на Училиштето
- Менување на електричната инсталација за безбедност и заштеда на енергија
- Лифт

**Приоритети**

-Обуки за професионален развој (сензорна соба, за монтесори педагогија, психомоторна реедукација, биофидбек терапија ,рана интервенција, дијагностика на слух - аудиометрија и скрининг и друго)

-Соработка, размена на искуства и добри практики (локално, регионално, меѓународно)

- Набавка на ИТ опрема, наставно-нагледни средства, инвентар и други материјали за поддршка на учењето на учениците

-Поддршка на учениците со ПОП (образовна асистенција)

-Соработка со соодветни институции одговорни за спроведување на инклузијата во и надвор од РСМ

- Опфаќање на деца со попречености од предучилишна возраст, ран третман и рехабилитација

-Унапредување на постигнувањата на учениците со посебни потреби

-Обуки за сензорна соба, за монтесори педагогија, психомоторна реедукација, биофидбек терапија и рана интервенција

-Унапредување и проширување на соработката со ООУ, градинките, локалната заедница согласно документот за реонизација

-Унапредување на работата на образовните асистенти во склоп на инклузивното образование

- Обезбедување и вклучување на специјален едукатор и рехабилитатор од ресурсниот центар во сите инклузивни тимови во училиштата и центрите за поддршка од нашиот регион

-да се усогласат целите дадени од МКФ со реализација на модифицираната програма по развојни периоди

**Предлог-мерки за подобрување на квалитетот на работата на училиштето**

- Прилагодување на наставниот план и програма според индивидуалните можности и способности на учениците со ПОП;
- Повторно запишување на ученици со ПОП во ОУРЦ „Кочо Рацин" Битола;
- Креирање на средина за учење која ќе ги задоволи потребите на учениците со различни развојни проблеми (ставање акцент на тоа што поголем дел од времето за настава да биде реализиран во природа кога дозволуваат временските услови);
- Интензивирање на соработката со надворешната средина каде што спаѓаат редовни училишта, институции од градот, државата и пошироко преку различни вонннаставни активности и активности за насочување на нивната професионална ориентација, активности за меѓуетничка интеграција во образованието и активности за инклузија; ***Учество на Стручниот кадар во проекти во и надвор од државата***;
- Интензивирање на соработка со родителите преку нивно вклучување во и вонннаставниот процес.
- Вклучување на специјалните едукатори и рехабилитатори во работните групи на БРО при изработка на наставните планови и програми; ***Вклучување на специјалните едукатори и рехабилитатори во изготвување на учебници и помагала за ученици со ПОП во согласност со Наставните планови и програми; Обезбедување и вклучување на специјален едукатор и рехабилитатор од ресурсниот центар во сите инклузивни тимови во училиштата и центрите за поддршка од нашиот регион***
- Поттикнување на сопствениот професионален развој на наставниот кадар преку обезбедување на обуки за наставниците и стручните соработници за работа според современи методи и техники за деца со ПОП за кои би била спроведувана и дисеминација.
- Опремување на кабинетите со иновативни нагледни средства и технички помагала за поуспешна реализација на едукацијата и рехабилитацијата на учениците со ПОП, како и дијагностика на слух и говор(аудиометрирање и скрининг на слух***);*** ***Дополнителна асистивна технологија за поддршка на инклузивниот процес во наставата.***
- Остварување поголема соработка и активно учество во здравствените и социјалните институции со цел рано откривање, пратење, помош и поддршка на родителите и децата со ПОП со цел севкупна грижа за нив преку интензивирано организирање на работилници, информативни и советодавни разговори за заштита од насилство, пушење, алкохол и дрога, како и ставање посебен акцент за грижа на учениците од социјално загрозените семејства*; Активно учество во промените во Законот за основно образование во делот за деца со ПОП како и во креирањето на политиката на државата во делот за деца со ПОП, соработка со МОН, локалната самоуправа и целокупната урбана заедница.*
- Информирање на родителите на ученици со пречки во развојот за значењето на ран опфат со третман и рехабилитација на детето и воопшто за развојот на детето со ПОП преку советодавни и информативни разговори со соодветни стручни лица; *Да се стави акцент на индивидуални третмани кои ги нудиме поради важноста на предучилишниот како и училишниот период за развојот на децата;*

- Поддршка на учениците со ПОП (образовна асистенција); *Унапредување на работата на образовните асистенти во склоп на инклузивното образование*
- Да се усогласат целите дадени од МКФ со реализација на модифицираната програма по развојни периоди
- Прилагодување и симплифицирање на НПП.
- Намалување на теоретскиот дел, со поголем акцент на вежби и практична примена на реализираната содржина;
- Слобода на наставникот во поглед на прилагодување и модифицирање на наставната содржина, со цел идентификување на индивидуалните потреби и способности на учениците и давање можност на учениците со ПОП да ги постигнат планираните цели.
- Прилагодување на наставата по модифицирана програма според видот на попреченост на ученикот и по нивоа (развојни подрачја), а не по наставни предмети;
- Изработка на соодветни учебници и наставни помагала и нагледни средства за деца со посебни потреби
- Набавување на асистивна технологија за потребите во сите кабинети
- Вклучување на наставниците во изработка на наставни програми за ученици со пречки во развојот и ИОП
- Соработка со соодветни институции одговорни за спроведување на инклузијата во РСМ
- *Поголема партиципација на учениците во донесувањето одлуки на ниво на училиштето;?*
- Потенцирање на воспитната компонента кај учениците;
- Обезбедување на средства за обуки (Сензорна интеграција, Биофидбек, Реедукација на психомоторика) конференции, семинари.
- Обуки за професионален развој (сензорна соба, за монтесори педагогија, психомоторна реедукација, биофидбек терапија ,рана интервенција, дијагностика на слух - аудиометрија и скрининг и друго)
- Соработка, размена на искуства и добри практики (локално, регионално, меѓународно)
- Набавка на ИТ опрема, наставно-нагледни средства, инвентар и други материјали за поддршка на учењето на учениците
- Соработка со соодветни институции одговорни за спроведување на инклузијата во и надвор од РСМ
- Опфаќање на деца со попречености од предучилишна возраст, ран третман и рехабилитација
- Унапредување на постигнувањата на учениците со посебни потреби
- Обуки за сензорна соба, за монтесори педагогија, психомоторна реедукација, биофидбек терапија и рана интервенција
- Унапредување и проширување на соработката со ООУ, градинките, локалната заедница согласно документот за реонизација
- Обезбедување и вклучување на специјален едукатор и рехабилитатор од ресурсниот центар во сите инклузивни тимови во училиштата и центрите за поддршка од нашиот регион

Комисија за спроведување на СЕУ:

Кристина Трајчевска

Елена Петровска

Анета Спировска

Драган Спировски

Светлана Огненова